80 years

ALKALOID SKOPJE

*Health above all*

СЕПТЕМВРИ 2016, СКОПЈЕ SEPTEMBER 2016, SKOPJE


АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ



СОДРЖИНА

CONTENTS


| Содржина | Страна | Contents |
|---|---|---|
| Воведно обраќање | 20 | Introductory address |
| Историјат на „Алкалоид“ 1936-2006 | 28 | “Alkaloid” history 1936-2006 |
| Ин Мемориам | 96 | In Memoriam |
| Фондација „Трајче Мукаетов“ | 104 | Foundation “Trajche Mukaetov” |
| Истражување и развој, контрола на квалитет | 112 | Research & Development, quality control |
| Водечки брендови | 122 | Leading Brands |
| Лидерите на „Алкалоид“ | 138 | The Leaders of “Alkaloid” |



**Алкалоид:**
**сложено органско соединение од растително потекло.**

Првиот самостоен алкалоид, морфинот, е екстрахиран од растението афион *(Papaver somniferum)* во 1804 година. Оттогаш, започнува научно поткрепената употреба на афионот во терапевтски цели и неговата широка примена во медицината заради високата концентрација на опиумови алкалоиди. Расте онаму каде има многу сонце, плодна почва и медитеранска клима.Една од најдобрите сорти афион расте во Македонија, каде за прв пат е засеан во 1835 година во околината на Штип. Токму тука, во Македонија, на 15 август 1936 година почна да се испишува историјата на **Алкалоид** од Скопје.

**Alkaloid:**
**a complex organic compound of vegetable origin.**

The first individual alkaloid, morphine, was extracted from poppy *(Papaver somniferum)* in 1804. Since then, scientifically based use of poppy intensified just as its use in the medicine due to the high concentration of opium alkaloids. The poppy grows in areas where there are plenty of sunny days, fertile soil and Mediterranean climate. One of the best species of poppy grows in Macedonia, where it was planted for the first time in 1835 in the area of Shtip. It was exactly here, in Macedonia, on August 15, 1936 when the history of **Alkaloid** from Skopje began to be written.

# НАЈСТАРИТЕ ДОКУМЕНТИ ВО „АЛКАЛОИД"



JUGOSLAVISCHE ALKALOIDENFABRIK
S. & F. Ognjanović
Titl.

22 th of April 1940
Auftragsbestätigung Nr. 44
Sendschein Nr. 51

Gee Lawson Trading Co. Ltd.
London, E.C.2.
England

INVOICE
RECHNUNG Nr. 51

In Your order of 28 of February 1940 we have to-day forwarding per parcel post to Your adress the following goods:

| Art der Verpackung und Zeichen | Gewicht Brutto kg | Gewicht Netto kg | INHALTSANGABE | Preis per kg | BETRAG |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Lstg. | Lstg. |
| 1 Collo with 10 tin-box | 16,980 | 10 | PAPAVERINUM HYDROCHLORICUM BP. ex works, incl. packages | 23.-.- | 230.-.- |
| | | | | | S.E. & O. |

We herewith declare that this invoice is true and correct and contains a true statement of the cost of the goods and charges thereon; we further declare that the goods are of Yugoslavian origin.-



JUGOSLOVENSKA FABRIKA ALKALOIDA
S. I F. Ognjanović
Telegr. adresa Alkaloid

Potvrda narudžbe br. 7
Otpremni list br. 7

RAČUN Br. 7

Shodno Vašem cenj. nalogu od -/- otposlali smo Vam danas poštom na Vašu adresu sledeće opiumske alkaloide

| Težina Neto kgr. | SADRŽINA | Cena po kgr. Din. | IZNOS Din. |
|---|---|---|---|
| 11,925 | Morphinum hydrochloricum | 11.178 | 133.296.- |
| 0,595 | Aethylmorphinum hydrochloric. | 10.143 | 6.641.- |
| 1,160 | Diacethylmorphinum hydrochlor. | 12.420 | 14.407.- |
| 93,650 | Codeinum purum | 10.857 | 1,017.694.- |
| 6,600 | Codeinum hydrochloricum | 9.974 | 65.430.- |
| 8,045 | Codeinum phosphoricum | 9.313 | 74.939.- |
| 17,025 | Papaverinum hydrochloricum | 4.761 | 81.056.- |
| 2 | Papaverinum purum | 4.761 | 9.522.- |
| 2,500 | Thebainum purum | 4.140 | 10.350.- |
| 0,400 | Thebainum hydrochloricum | 4.140 | 1.656.- |
| 81,790 | Narcotinum purum | 2.567 | 210.037.- |
| 1,780 | Narcotinum hydrochloricum | 2.597 | 4.631.- |
| 44,090 | Opium pulvis 10% | 757 | 33.143.- |
| 27,120 | Extractum opii 20% | 1.138 | 29.852.- |
| | | | 1,714.916.- |
| | 8.90% ukupne porese | | 152.627.- |
| | | | S.E. & O. |

Uvozna i priznanična taksa od ukupno 3.5% uračunati su u gornjoj sumi.



JUGOSLOVENSKA FABRIKA ALKALOIDA
S. I F. Ognjanović
Telegr. adresa Alkaloid

SKOPLJE, 15 juna 1945 god.
Potvrda narudžbe br. 5
Otpremni list br. 5

Главна управа за набавку и расподелу лекова "ТУКРАЛ"
Београд
Доситејева ул. 7

RAČUN Br. 5

За предате алкалоиде Државном слагалишту лекова федералне Македоније у Скопљу за Ваш рачун и то:

Shodno Vašem cenj. nalogu od ——— otposlali smo Vam danas poštom na Vašu adresu sledeće opiumske alkaloide

| Način pakovanja i znak | Težina Neto kgr. | SADRŽINA | Cena po kgr. Din. | IZNOS Din. |
|---|---|---|---|---|
| картонске кутије | 1 | Морфинум хидрохлорикум 100 x 10 гр. | 10.800 | 10.800.- |
| " | 1 | Етилморфинум хидрохлорикум 100 x 10 гр. | 9.800 | 9.800.- |
| " | 0,100 | Диацетилморфинум хидрохлорикум 10 x 10 гр. | 12.000 | 1.200.- |
| " | 5 | Кодеинум фосфорикум 100 x 25 гр. 50 x 50 гр. | 9.000 | 45.000.- |
| " | 2,5 | Папаверинум хидрохлорикум 100 x 25 гр. | 4.600 | 11.500.- |
| " | 0,500 | Екстрактум опи сик. 20% 50 x 10 гр. | 1.100 | 550.- |
| " | 15 | Опиум пулвис 10% 60 x 250 гр. | 770 | 11.550.- |
| | | | | 90.400.- |
| | | 6% порезе на обрт | | 5.424.- |
| | | | | 95.824.- |
| | | | | S.E. & O. |

THE OLDEST DOCUMENTS IN "ALKALOID"

## РЕТРОСПЕКТИВА НА ЛОГОТИПОТ НИЗ ИСТОРИЈАТА НА КОМПАНИЈАТА

1946




1957




1962




1966




## RETROSPECTIVE OF THE LOGOTYPE THROUGHOUT THE HISTORY OF THE COMPANY

1976







2004 >






Одбележуваме осум децении истражување, развој, иновации и континуирани вложувања во нашата визија за поздрав живот на секој поединец.

Илјадници исполнителни вработени, милиони задоволни корисници и производи кои се синоним за врвен квалитет се сведоштва за нашата посветеност и копнеж по совршенство.

Ние во Алкалоид, имаме амбиција и желба за соочување со сите предизвици.
За подобра иднина ... за сите!

We are marking eight decades of research, development, innovations and continuous investments in our vision for healthier life of each individual.

Thousands of diligent employees, millions of satisfied users and products that are synonyms for premium quality are endorsement on our dedication and aspiration towards perfection.

We at Alkaloid, have the ambition and will to face all new challenges.
For better future ... for all of us!



years
ALKALOID
SKOPJE




# АЛКАЛОИД ВО СВЕТОТ
# ALKALOID WORLDWIDE



RUSSIAN FEDERATION
SWITZERLAND
SLOVENIA
CROATIA
B&H
MONTENEGRO
ALBANIA
SERBIA
KOSOVO
UKRAINE
BULGARIA
MACEDONIA
TURKEY



# воведно обраќање

# introductory address

# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „АЛКАЛОИД“ АД СКОПЈЕ




Скромните почетоци датираат од 1936 година, кога во два погона 15 работници произведувале 350 kg фармацевтски суровини. Благодарение на несебичното залагање, посветената работа и стремежот за постојан напредок на десетици генерации Алкалоидовци, денес имаме над 50.000 m$^2$ производни капацитети, свои 18 канцеларии надвор од Македонија и над 1.600 вработени во Групацијата. Континуираниот деловен успех и одржлив развој на „Алкалоид“ се должи пред сè на квалитетот на производите, на квалитетот на кадарот кој работи во компанијата, на брендот „Алкалоид“ и поединечните брендови кои ги имаме, а кои ги граделе генерациите пред нас, години station наназад.
„Алкалоид“ денес е водечка фармацевтска индустрија не само во Македонија туку и 6-та фармацевтска индустрија во регионот на Југоисточна Европа. Преку своите 14 подружници и 4 претставништва во: Србија,

# ADDRESS OF THE PRESIDENT OF THE MANAGEMENT BOARD OF “ALKALOID” AD SKOPJE

The modest beginnings date back in the year 1936, with 15 workers who produced 350 kg of pharmaceutical raw materials in two plants. Thanks to the unselfish commitment, dedication to hard work and aspiration for continuous progress of tens of generations of Alkaloid staff, nowadays the Company has



**Живко Мукаетов**
Генерален директор и
Претседател на Управниот одбор на
„Алкалоид“ АД - Скопје

**Zhivko Mukaetov**
Chief Executive Officer and
President of the Management Board of
“Alkaloid” AD Skopje

Црна Гора, Бугарија, Косово, Босна и Херцеговина, Хрватска, Словенија, Швајцарија, Албанија, Турција, Русија, Украина и САД; сите раководени од базата во Македонија, компанијата во моментов пласира над 60% од своето производство во над 30 земји во светот. Имаме неколку производни локалитети во главниот град Скопје и еден во Белград, Р. Србија.

Во 2007 година, „Алкалоид“ ја основаше Фондацијата „Трајче Мукаетов“, посветена на стипендирање млади таленти кои својата кариера ја посветиле на македонското здравство и фармација.

Главни одлики во работењето на модерниот „Алкалоид“

50.000 m2 of production facilities, 18 representative offices outside Macedonia and more than 1.600 employees in the overall Group. The continuous business success and sustainable development of “Alkaloid” is mainly a result of the quality of its products, the quality of personnel working for the Company, the “Alkaloid” brand and the individual brands we have, built by generations for years.

Today, “Alkaloid” is not just the leading pharmaceutical company in Macedonia, but also the 6th pharmaceutical industry in the region of Southeast Europe. The Company has 14 subsidiaries and 4 representative offices in Serbia, Montenegro, Bulgaria, Kosovo, Bosnia and Herzegovina, Croatia, Slovenia, Switzerland, Albania, Turkey, Russia, Ukraine and USA – all managed from the headquarters in Macedonia; and through this network 60% of Alkaloid’s total production is placed in more than 30 countries around the world. The Company has several production sites in the Macedonian capital of Skopje and one in Belgrade, Republic of Serbia.

In 2007, “Alkaloid” established the “Trajche Mukaetov” Foundation, committed to granting scholarships to young talented people, who have dedicated their carriers to the Macedonian healthcare and pharmacy.

The main features of the operations of the contemporary “Alkaloid” are team work and the proactive marketing concept.

ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „АЛКАЛОИД“ АД СКОПЈЕ

ADDRESS OF THE PRESIDENT OF THE MANAGEMENT BOARD OF "ALKALOID" AD SKOPJE



се тимската работа и проактивниот маркетинг концепт. Светските трендови во фармацијата, хемијата, фитотерапијата и козметологијата се имплементирани во нашите секојдневни операции, а примената на најсовремените стандарди за Добра Производна Пракса (ДПП) е потврдена од реномирани авторитети како од земјава, така и од странство. Нашите инвестиции, кои во изминативе 15 години достигнаа сума од близу 150 милиони евра, алоцирани во производни капацитети, лаборатории, Институтот за истражување и развој, Центарот за контрола на квалитет, најсовремените софтвери итн., ни овозможуваат пласман на производи со супериорен квалитет, кои можат да се носат рамо до рамо со кој било производ од својот сегмент во светот. Во изминативе години се соочивме со глобалната економска криза, економската рецесија и ред други геополитички збиднувања, кои имаа директно влијание врз нашето работење. Внимателно преземените мерки, предостроржностите во работењето, оптимизирањето на балансот помеѓу растот и ликвидноста и консолидирањето на нашите ресурси, го овозможија и растот на продажбите и растот на профитот во текот на целата измината деценија.

Акциите на „Алкалоид“, од котирањето на друштвото на првиот официјален пазар на „Македонската Берза за хартии од вредност“ во 2002 година, останаа меѓу најтргуваните и најликвидните. Компанијата е добитник

The world trends in pharmaceuticals, chemicals, phytotherapy and cosmetology are implemented in our daily operations and our adherence to the latest standards of Good Manufacturing Practice (GMP) is verified by domestic and foreign renowned authorities. The investments we made during the last 15 years, amounting to almost 150 million Euros, allocated in production facilities, laboratories, the Institute for Research and Development, the Quality Control Center,



на престижни признанија од страна на „Македонската Берза“ за високото ниво на квалитет во корпоративното управување, транспарентно, навремено и квалитетно известување за берзанските операции, односите со инвеститорите и јавноста воопшто.
Производство на ценовно достапни, квалитетни, ефикасни и безбедни лекови и производи за широка потрошувачка, за кои заштитниот знак на „Алкалоид“ е синомим за високото ниво на квалитет и сигурност, како

modern software etc., enable us to offer products of superior quality, on a par with any other product in the same segment in the world.
In the past years, we faced the global economic crisis, economic recession and numerous other geopolitical events, which directly affected our business operations. Carefully taken measures, operational precautions, optimizing the balance between growth and liquidity and the consolidation of our resources, have provided for the growth in sales and profit throughout the entire past decade.
The shares of "Alkaloid", starting from the listing of the Company on the first official market of the Macedonian Stock Exchange in 2002, were amongst the most traded and most liquid ones. The Company has received prestigious awards by the "Macedonian Stock Exchange" for its high level of corporative management, transparent, timely and high quality reporting on stock activities and its relations with the investors and the public in general.
The production of affordable, high quality, efficient and safe pharmaceutical products and wide consumer goods, vouched for by the "Alkaloid" trademark as a guarantee of the high level of quality and safety, as well as the human production program commitment aimed primarily towards the end users, are the principles that we will be adhering to as part of our daily operations. We

ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА „АЛКАЛОИД“ АД СКОПЈЕ

ADDRESS OF THE PRESIDENT OF THE MANAGEMENT BOARD OF “ALKALOID” AD SKOPJE



и хуманата програмско - производна определба насочена првенствено кон крајните корисници, се начелата според кои ќе продолжиме да се водиме при секојдневните операции, притоа строго внимавајќи на кредибилитетот и професионалниот пристап кој го практикуваме и спроведуваме во севкупното наше работење.

Главни приоритети на „Алкалоид“ и понатаму ќе останат: грижата за вработените, акционерите, животната средина, деловните партнери, здравствениот систем и пред сè - здравјето на луѓето. Денес одбележуваме осум децении истражување, развој, иновации и континуирани

shall continue paying strict attention to the credibility and the professional approach that we have been practicing and implementing as part of the overall business operations.

The main priorities of “Alkaloid” still remain the same: care for the employees, shareholders, the environment, business partners, the healthcare system and above all – people’s health. Today, we are celebrating eight decades of research, development, innovations and continuous investments in our vision for a healthier life for each individual. Thousands of diligent workers,



вложувања во нашата визија за поздрав живот на секој поединец. Илјадници исполнителни вработени, милиони задоволни корисници и производи кои се синоним за врвен квалитет, се сведоштва за нашата посветеност и копнеж по совршенство.
Имаме амбиција и желба за соочување со уште многу нови предизвици!

millions of satisfied customers and products of superior quality, are all testimonials of our commitment and pursuit of perfection.
We are ambitious and eager to face many new challenges!





# 1936 ›
# 1946





1936 >
1946

Квалитетот на македонскиот афион, кој долго време на ова поднебје го има третманот на „црно злато“, е пресуден за отворањето на првите преработувачки капацитети

Познато е дека првите производни погони од кои израсна „Алкалоид“ биле во приватна сопственост на семејството Огњановиќ. На почетокот, петнаесетина работници во два погона произведувале околу 350 kg фармацевтски суровини. Фабриката претставува никулец на една нова стопанска гранка, не само на овие простори, туку и во поширокиот регион. Првичната основна дејност е производство на алкалоиди од опиум, односно екстракција на морфин база и нејзино синтетизирање до кодеин. Квалитетот на македонскиот афион, кој долго време на ова поднебје го има третманот на „црно злато“, несомнено е пресуден за отворање на овој преработувачки капацитет.
По завршувањето на Втората светска војна, од посебно историско значење за „Алкалоид“ е летото

It is known that the first production facilities, where the foundation of “Alkaloid” was laid were property of the family Ognjanovich. In the beginning, about fifteen workers in two plants were producing around 350 kg of pharmaceutical raw materials. This factory was the kernel of a new economic branch not only in this region, but also broader. The core business was production of opium alkaloids, i.e. morphine base extraction and its synthesizing into codeine. The quality of the Macedonian poppy, which for long had been regarded as “black gold”, was undoubtedly crucial for setting up this production plant.
After the end of World War II, the summer of 1945 marked a milestone in the history of “Alkaloid”. By a decision taken by the Government of FNRY (Federal National Republic of Yugoslavia) and People’s Republic






The quality of the Macedonian poppy, which for long had been regarded as "black gold", was crucial for setting up the first production plants

1945 година. Со решение на владата на тогашната ФНРЈ (Федеративна Народна Република Југославија) и на НРМ (Народна Република Македонија), на 22 јуни е извршено поопштествување на фабриката, која тогаш имала 17 работници, од кои само еден со високо образование. Оттогаш почнува континуираниот раст на „Алкалоид", еден од најстарите индустриски капацитети во Република Македонија и тогашната југословенска заедница. Поради специфичноста на производството, фабриката во првите повоени години има третман на капацитет од посебно значење и е под директна административно-оперативна надлежност на Главната управа на медицинското производство (ГУМПРО) од Белград.

of Macedonia, on 22nd June 1945, the factory, which then had 17 employees and only one with higher education, was nationalized. That was the time when the growth of "Alkaloid" started, one of the oldest industrial facilities in the Republic of Macedonia and the Yugoslav Federation at the time. Owing to the specificity of its production, in the early postwar years, the plant was regarded as a factory of special interest, so it was under direct administrative and operative authority of the Main Administration for Medical Production (GUMPRO) from Belgrade.



# 1946 › 1956





1946 ›
1956

Во овој период се евидентирани првите чекори на „Алкалоид“ за зголемување на производството, за осовременување на технологијата, за проширување на производната дејност и за подобрување на квалификационата структура на вработените

Како значаен производствен капацитет за тогашната југословенска држава, „Алкалоид“ на 31-ви октомври 1946 година е регистриран како државна фабрика за производство на алкалоиди. Со таквиот титулар останува сé до 1950 година, кога надлежностите од сојузно ниво ги презема „Генералната дирекција на хемиската индустрија на Македонија“.
Во овој период се евидентирани првите чекори на „Алкалоид“ за зголемување на производството, за осовременување на технологијата, за проширување на производната дејност и за подобрување на квалификационата структура на вработените. Веќе во 1947 година, бројот на вработените е двојно поголем и со 38 работници се постигнува рекордно производство од 1.544 килограми алкалоиди.
Периодот на првата „петолетка“, како што популарно се нарекува првиот петгодишен план, се одликува со квалитативни промени. Се подобруваат условите за

Being considered an important production facility in the Yugoslav Federation, on 31st October 1946 “Alkaloid“ was registered as a state factory for production of alkaloids. This title remained until 1950, when the federal level authority was transferred to the “General Directorate of Chemical Industry of Macedonia”.
This period marks the first steps made by “Alkaloid” for increase of production, modernization of technology, expansion of the manufacturing operations and improvement of the qualification structure of the employees. In 1947, the number of employees was doubled and with 38 workers record production of 1.544 kg of alkaloids was achieved.
The period of the first five-year plan is characterized by changes in quality at many levels: the working conditions were improved, the existing production facilities were enlarged and new ones were built, with the number of employees continuously growing.





This period marks the first steps made by “Alkaloid” for increase of production, modernization of technology, expanding the manufacturing operations and enhancing the qualification structure of the employees

работа, се прошируваат постојните капацитети и се градат нови, а бројот на вработените постојано расте. Во 1949 година се надминуваат дотогашните производствени планови, а со тоа и старите поими за производните можности на претпријатието. Со 53 работници, „Алкалоид“ таа година реализира 2.135 килограми алкалоиди, а остварените приходи се за една третина поголеми од оние во 1947 година. Тоа не останува незабележано ниту дома, ниту во пошироките рамки на тогашната заедничка држава и ваквите резултати му обезбедуваат на „Алкалоид“ сојузно признание за најдобра фабрика во земјата.

Подемот на „Алкалоид“ продолжува и во периодот на таканареченото работничко самоуправување, што во фабриката е воведено на 29-ти август 1950 година. Со помали осцилации, претпријатието ја задржува динамиката на раст на производството, така што по извршената реконструкција на капацитетите, производството на „Алкалоид“ е осумкратно зголемено.

In 1949 the previous production plans were exceeded, changing the perception of the production capacities. With 53 employees in that year, “Alkaloid“ produced 2.135 kg of alkaloids, and the revenues were one third higher than the ones in 1947. This fact did not remain unnoticed at home or wider in the common country and with these results “Alkaloid” earned a federal recognition for being the best factory in the country.

The rise of “Alkaloid” also continues in the period of the so called workers’ self-management, which was introduced in the factory on 29th  August 1950. With slight oscillations, the company retained the dynamics of production growth, so that after the accomplished facility reconstruction, Alkaloid’s production was increased by eight-fold.



# 1956 › 1966










1956 >
1966

За подемот на „Алкалоид“ од клучно значење е 1957 година, кога е пуштен во работа нов капацитет за производство на лекови – Галенскиот погон

A milestone in the rise of “Alkaloid” is the year 1957, when a new production facility for drug manufacturing, the Galenic plant, was commissioned

Оваа декада по многу нешта претставува нова етапа во развојот на „Алкалоид“, пред сé со воведувањето нови производни дејности, како тенденција за заокружување на техничко-технолошкиот процес. За подемот на „Алкалоид“ од клучно значење е 1957 година, кога е пуштен во работа нов капацитет за производство на лекови – Галенскиот погон. Во него, на база на алкалоидните суровини започнува производството на готови лекови во вид на таблети и течности, а подоцна и масти и ампули, меѓу кои: Кодеин, Кафетин, Кодафен и Носкапин – таблети и сируп.
Новото производство бара забрзано подобрување на квалификационата структура на вработените: повеќе фармацевти, технолози, хемичари... Сето тоа влијае врз зголемувањето на учеството на Галенскиот погон во вкупното производство на „Алкалоид“, кое






This decade, for a number of reasons signified a new stage in Alkaloid's development: above all was the introduction of new manufacturing operations, which marked a tendency for encircling the technological process. A milestone in the rise of "Alkaloid" is the year 1957, when a new production facility for drug manufacturing, the Galenic plant, was commissioned. Therein, on the base of alkaloid raw materials, the production of finished drug forms commenced – tablets and liquids in the beginning, but later ointments and ampoules, among which Codeine, Caffetin, Codaffen and Noscapin – tablets and syrup. The new production required rapid enhancement of the qualification structure of the employees: more pharmacists, technologists, chemists... All this affected the participation of the Galenic plant in the total production of "Alkaloid", which continued to grow.








1956 >
1966

продолжува да расте континуирано. Во првата година од отворањето, Галенскиот погон учествува со 7% во остварените приходи, а само неколку години подоцна, тој е носител на 70% од вкупните приходи на фабриката.
Со отворањето на Галенскиот погон почнува нов период за македонската фармацевтска индустрија, која со „Алкалоид" го започнува пробивот и афирмацијата и надвор од границите на тогашната држава. Во развојот на „Алкалоид", посебно поглавје претставува почетокот на деловно-техничката соработка со познати светски фармацевтски и хемиски корпорации, на што му претходат обемни подготовки и анализи. Со тоа фабриката настојува да фати чекор со забрзаниот од на современата фармацевтска и медицинска наука, како и со најновите технолошки достигнувања.
Првата деловно-техничка соработка е воспоставена во 1961 година со „Терапликс" од Париз, Франција, а со прераснувањето на „Алкалоид" во современа фармацевтско-хемиска индустрија, таквата соработка е трасирана и со реномираните „Фајзер" од Њујорк,

In the first year of its work, the Galenic plant accounted for 7% of the revenues, but only a few years later, it accounted for 70% of the total revenues of the factory.
The Galenic plant introduced a new period for the Macedonian pharmaceutical industry, which, with "Alkaloid" in the lead, began the breakthrough and affirmation beyond the borders of the Federation.
A special chapter in the development of "Alkaloid" was the beginning of the business and technical cooperation with renowned world pharmaceutical and chemical corporations, which had been preceded by comprehensive preparations and analysis. This was a step towards the accelerated pace of the modern pharmaceutical and medical science and the latest technological achievements.
The first business and technical cooperation was established with "Theraplix" from Paris, France in 1961, and by Alkaloid's turning into a modern pharmaceutical chemical industry, such cooperation was also initiated with the renowned "Pfizer" from New York, "Schering" AG from Berlin, "Specia" from Paris, "Laboratories Delagrange" from Paris, "Chemie"






Во развојот на „Алкалоид“, посебно поглавје претставува почетокот на деловно-техничката соработка со познати светски фармацевтски и хемиски корпорации

A special chapter in the development of "Alkaloid" was the beginning of the business and technical cooperation with renowned world pharmaceutical and chemical corporations

„Шеринг“ АГ од Берлин, „Специа“ од Париз, „Лабораторија Дела гранж“ од Париз, „Хеми“ од Линц, „Солко“ АГ и „Хофман Ла Рош“ од Базел, „МеркШарпДом“ од САД и други.
На почетокот, ваквата соработка се состои од преземање лиценци, а подоцна се надградува и се преминува на доработка и на производство на супстанци наменети за создавање специфични фармацевтски производи. Со тоа се збогатува асортиманот на „Алкалоид“ со нови препарати за голем број области од медицината, а многу од нив претставуваат врвни достигнувања во фармакотерапијата.

from Linz, "Solco" AG and "Hofmann La Roche" from Basel, "Merck Sharp Dohme" from the USA and others. In the beginning, this cooperation implied provision of licenses, but later it was broadened to final-finishing and production of raw materials aimed for production of specific pharmaceutical products. This extended the range of Alkaloid's products with new preparations for a large number of medical areas, many of which are latest achievements in pharmacotherapy.


CALC.
LACTIC.
HYDRARG.
LFUR. RUBR.

# 1966 › 1976





## 1966 › 1976

Паралелно со растот на производството се зголемува и бројот на вработени, а очигледна е и промената во квалификационата структура

Во мај 1966 година, кон „Алкалоид“ се интегрира претпријатието за откуп на лековити билки - Билка од Скопје. Како една целина се обединуваат три основни дејности: производство на алкалоиди, на готови лекови и на билки. „Алкалоид“ прераснува во вистинска индустрија, каде производството започнува со обезбедување сопствена суровинска база, а завршува со финален производ.
Друг значаен момент во овој период е изградбата и пуштањето во работа на новиот погон за екстракција на афион во 1968 година. Со тоа се воведува нова технологија на водена екстракција на незасечени афионови чушки. На овој начин се поедноставува дотогашниот процес и што е многу важно, се овозможува екстрахирање на двојно поголемо количество морфин база. Зголемените производствени капацитети за екстракција бараат поголеми количества афионски суровини, што наметнува и подолгорочно планирање на афионското производство и потреба од обезбедување сопствена суровинска база.



The growth in production was accompanied by increased number of employees and a change in the qualification structure

In May 1966, Bilka (Botanicals), the enterprise dealing with medical herbs purchase, was merged with "Alkaloid". Three core businesses – alkaloids production, finished dosage forms and botanicals, were united in a single company. "Alkaloid" grows into a real industry, where production begins with providing its own raw-material base, and ends with a final product.

Another important aspect in this period is the construction and commissioning of the new plant for poppy extraction in 1968. This introduced a new technology of water extraction of uncut poppy capsules. By this method the previous process was simplified, and what is more important, this enabled extraction of twofold quantity of morphine base. The enlarged production facilities required greater quantities of poppy, which imposed long-term planning of poppy production and the need of providing proper raw-material base.

These efforts additionally strengthened the position of "Alkaloid" and its performances. For only three years,

Визијата за создавање модерна фармацевтска индустрија почнува да се реализира во 1972 година, со новата фабрика за готови лекови. Современ капацитет со работна површина од 7.000 m², во кој се сместени сите галенски одделенија



1966 ›
1976



Овие зафати уште посилно ги зацврстуваат позициите на „Алкалоид“ и неговите економски перформанси. За само три години од 1968 до 1971 година, остварените резултати на „Алкалоид“ се зголемуваат четирикратно. Порастот на производството е следен и со зголемување на бројот на вработени и промена на квалификационата структура. Во 1969 година тогашната работна организација брои 515 вработени, а по две години овој број се зголемува на 671, од кои 120 се со високо образование.

Во согласност со развојната стратегија, „Алкалоид“ во овој период издвојува значајни финансиски средства во инвестиционите и други развојни фондови, при што води грижа и за стандардот на вработените.

from 1968 to 1971, the results “Alkaloid” achieved were increased by four times. The growth in production was accompanied by increased number of employees and a change in the qualification structure. In 1969 the workers’ organization had 515 employees, and two years later this number rose to 671, with 120 employees with higher education.

In accordance with the development strategy, in this period “Alkaloid” allocated substantial sums for investment and other development funds, taking into consideration the standard of the employees.

The vision for creating a modern pharmaceutical industry began to be realized in 1972, with the construction of the new facility for finished dosage forms: a modern plant with working area of





The vision for creating a modern pharmaceutical industry began to be realized in 1972, with the construction of the new facility for finished drug forms: a modern plant with working area of 7.000 m$^2$, which contained all Galenic units

Визијата за создавање модерна фармацевтска индустрија почнува да се реализира во 1972 година, со новата фабрика за готови лекови. Современ капацитет со работна површина од 7.000 m$^2$, во кој се сместени сите галенски одделенија и кој претставува заокружена техничко-технолошка производствена целина.

Процесот на модернизација и унапредување на производството, истата година продолжува со докомплетирање на алкалоидното производство преку воведување нови, најсовремени уреди за екстракција на афионот и проширување на производната програма на готови лекови. Технолошкиот процес се модернизира и во билкарството, што резултира со зголемување на асортиманот и квалитетот на чаевите и на сушените билни производи.

Во 1972 година, „Алкалоид“ почнува производство на ветеринарни препарати, а влегува и во секторот на козметичката индустрија. Следејќи ги интеграционите движења, во насока на поекономично и порентабилно работење, во 1973 година се реализира интеграцијата со фабриката за производство на хемикалии и фото-материјали „Лафома“ и со фабриката за сапуни и козметика „Цветан Димов“.

7.000 square meters, which contained all Galenic units, and which was a complete technical and technological production facility.

The process of modernization and improvement of the production process continued the same year by completion of the alkaloid production through introduction of new state-of-theart units for poppy extraction and extending the production portfolio of finished dosage forms. The technological process was also modernized in the botanicals production, which resulted in enlarged range and high quality of teas and dry herbal products.

In 1972, “Alkaloid” began the production of veterinary preparations, and entered into the cosmetic industry sector. Following the integration trends, with a view to more economical and cost-effective operations, in 1973, “Alkaloid” merged with “Lafoma”, the factory for production of chemicals and photo materials and “Cvetan Dimov”, the soap and cosmetic manufacturer.



# 1976 › 1986





1976 >
1986

Фабрика за готови лекови, дел од одделението за Галенска конфекција и управната зграда на „Алкалоид“

Finished dosage forms factory, part of the department for Gallenic confectioning and administrative building of “Alkaloid”







Перманентниот раст и развој го позиционира „Алкалоид“ меѓу петте најголеми компании од овој вид во тогашната југословенска заедница

The constant growth and development provided “Alkaloid” with a rank among the five top companies of this sector in the Yugoslav Federation

Во средината на седумдесеттите години, во „Алкалоид“ започнува инвестиционен циклус чија основна цел е реконструкција на тесните грла во повеќе погони на компанијата, која веќе има значење во регионални рамки. Во 1979 година е пуштена во употреба фабриката за преработка на лековити билки, а во овој период стартува и производството на рендген и графички филмови, како и други фото-материјали.

In mid-70s “Alkaloid” started the investment cycle, with the principle goal to reconstruct of bottlenecks in a number of plants of the company, now being of regional importance. In 1979 the facility for medical herb processing was commissioned and the production of x-ray, graphic films and other photo materials begun. During 1978, “Alkaloid” merged with “Proleter” the paint and lacquer manufacturer. This decade was marked by the preparation and construction of the




1976 ›
1986





Во текот на 1978 година, во „Алкалоид“ се интегрира и фабриката за бои и лакови „Пролетер“. Во оваа декада стартуваат и подготовката за изградба на фабриката за козметика и сапуни, како и за некои други помали инвестициони зафати.
Ваквиот раст и развој го позиционира „Алкалоид“ меѓу петте најголеми компании од овој вид во тогашната југословенска заедница. „Алкалоид“ веќе брои над 2.800 работници, од кои 560 се со високо образование. Податокот дека во периодот 1974-1979 година вредноста на вкупниот производ на „Алкалоид“ продолжува да расте, несомнено го илустрира подемот на компанијата, која во своето 40-годишно постоење прераснува во исклучително значаен субјект на македонското стопанство.
За да се одговори на техничко-технолошките достигнувања, пред сѐ во рамки на медицинската и фармацевтската дејност, кон крајот на седумдесеттите години е извршена целосна реконструкција на Таблетното одделение, почнува осовременувањето на Одделението за ампули и за

cosmetic and soap plant, along with other minor investments.
Such growth and development provided “Alkaloid” with a rank among the five top companies of this sector in the Yugoslav Federation. “Alkaloid” already had over 2.800 employees, 560 with higher education. The fact that during 1974-1979, the value of the total product of “Alkaloid” continued to rise, undoubtedly illustrates the growth of the company, which in the 40 years of its existence managed to become an exceptionally prominent subject in the Macedonian economy.
In order to comply with the technical and technological achievements, particularly in the field of medicine and pharmacy, at the end of the 70s, a complete






Во 1979 година е пуштена во употреба фабриката за преработка на лековити билки, а во овој период стартува и производството на рендген и графички филмови, како и други фото-материјали

In 1979 the facility for medicinal herb processing was commissioned and the production of x-ray, graphic films and other photo materials begun







1976 ›
1986

конфекционирање, а се изготвуваат и плановите за новата фабрика за ветеринарни производи. Се проширува асортиманот на готови лекови и се продлабочува деловно-техничката соработка со најпознатите светски фармацевтски компании.
На тогашниот југословенски пазар, „Алкалоид“ пласира широк асортиман производи од препаративната и декоративната козметика, меѓу кои посебно се истакнуваат колекциите „Бекутан“, „Блек ап“, како и палетата која е резултат на соработката со реномираните „Алберто Калвер“ од САД и германскиот бренд „Шерк“. Во рамки на „Алкалоид“ успешно работи и Центарот за медицинска козметологија.
Во производството на хемикалии воспоставена е долгорочна производно-техничка соработка со „Мерк“ од Дармштад за заеднички настап на југословенскиот и на странските пазари.
Долгогодишните стручни и деловни контакти со англиската фирма „Адмел“ од Вејбриџ придонесуваат за проширување на асортиманот во

reconstruction was conducted of the solid and liquid dosage form facilities as well as the packaging departments. The blueprints for the new veterinary product facility were designed. The product portfolio was extended and the business and technical cooperation with renowned pharmaceutical global companies was expanded.
On the Yugoslav market, “Alkaloid” launched wide range of preparations and decorative cosmetic products, the most outstanding being “Becutan”, “Black Up” and the palette resulting from the cooperation with the famous “Alberto Culver” from USA and the German brand “Scherk”. The Centre for Medical Cosmetology within “Alkaloid” also had successful results.
A long-term production and technical cooperation was established with “Merck“ from Darmstadt for manufacturing chemicals and joint marketing on the Yugoslav and foreign markets.
The lasting professional and business contacts with










„Алкалоид“ пласира на пазарот широк асортиман производи од препаративната и декоративната козметика, меѓу кои посебно се истакнуваат колекциите „Бекутан“, „Блек ап“, како и палетата која е резултат на соработката со реномираните „Алберто Калвер“ од САД и германскиот бренд „Шерк“

On the market, “Alkaloid” launched wide range of preparations and decorative cosmetic products, the most outstanding being “Becutan”, “Black Up” and the palette resulting from the cooperation with the famous “Alberto Culver” from USA and the German brand “Scherk”

сегментот на диазо и фото-материјали, а во соработка со јапонската корпорација „Фуџи“, почнува со работа и новоизградената фабрика за производство на рендген филмови.
Подем има и во областа на билкарството, каде зад производството и примената на лековитите растенија застанува науката. Во таа функција се и специјализираните билни аптеки што се отвораат во Скопје и Белград.
Паралелно со развојот, „Алкалоид“ постојано посветува големо внимание и на унапредувањето на работната и животната средина и стандардот на вработените.

the British company “Admel” from Waybridge, contributed to enlargement of the range of diazo and photo materials, and the cooperation with the Japanese “Fuji” resulted in commissioning the new facility for production of x-ray films.
Upward trend was also marked in the field of botanicals, where science fostered the production and application of medicinal plants. With this view, the specialized herbal pharmacies were opened in Skopje and Belgrade.
Parallel to its development, “Alkaloid” consistently paid great attention to improve the environment and the work standards of its employees.





# 1986 > 1996

1986 ›
1996

Успешната приказна на „Алкалоид“ во овој период ја одбележуваат подготовките и почетокот на најкрупниот инвестиционен циклус во историјата на компанијата

The success story of “Alkaloid” in this period was marked by the preparations and the initiation of the greatest investment cycle in the history of the company




Успешната приказна на „Алкалоид“ во овој период ја одбележуваат подготовките и почетокот на најкрупниот инвестиционен циклус во историјата на компанијата, како и нејзината сопственичка трансформација во рамки на системските реформи во државата. Во оваа декада, „Алкалоид“ успешно го пребродува транзицискиот период, во кој севкупниот економски амбиент во државата се трансформира, кога се случуваат значајни промени во македонското стопанство и кога дополнителен удар предизвикуваат случувањата во регионот поврзани со распаѓањето на поранешната југословенска држава.

Приватизацијата во „Алкалоид“ е извршена согласно важечките модели на тогашниот Закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Во 1990 година, компанијата е регистрирана како акционерско друштво во мешовита сопственост. Во 1995 година е донесена одлука за трансформација на претпријатието во друштво со приватна сопственост, додека во 1998 година,

The success story of “Alkaloid” in this period was marked by the preparations and the initiation of the greatest investment cycle in the history of the company, as well as its transformation within the system reforms of the country. In this decade, “Alkaloid” successfully overcame the transition period in which the overall economic climate of the country was changed, when crucial changes in the Macedonian economy took place and when additional complexities rose in connection with the events in the region related to the dissolution of former Yugoslavia.






Композиционен план за новата индустриска зона на „Алкалоид“ на локалитетот Ѓорче Петров и фотографија од истиот

Blueprint of the new industrial zone of “Alkaloid” at the production site Gjorche Petrov and photo of the same

1986 ›
1996



„Алкалоид“ е регистриран како акционерско друштво во приватна сопственост.
И покрај радикалните промени во сопственичката структура на компаниите во приватизациониот период, „Алкалоид“ останува една од ретките компании во државата која успева да го задржи позитивниот тренд на раст и развој, па дури и да ги подобри своите перформанси во работењето.
Процесот на приватизација е воден од неколку приоритети, од кои доминантни се: постигнување одлични резултати со паралелно мотивирање на вработените, континуирана профитабилност, инвестиции во модернизација, одржување на единството на компанијата, редовна исплата на дивиденди на сите акционери и водење постојана грижа за вработените.

The privatization of “Alkaloid” was conducted in accordance with the existing models of the Law on Transformation of Companies with State Capital. In 1990, the Company was registered as a shareholding company with mixed ownership status. In 1995 a decision was taken, the company to be transformed into a private ownership company, and in 1998 “Alkaloid” was registered as a shareholding company with private ownership.
Despite the radical changes in the ownership structure of the companies in the privatization period, “Alkaloid” remained to be one of the rare companies in the country that managed to maintain the positive trend of growth and development, and even improve its performances. The privatization process was guided by several priorities, the most dominant being:






„Алкалоид“ останува една од ретките компании во државата која успева да го задржи позитивниот тренд на раст и развој, па дури и да ги подобри своите перформанси во работењето.

“Alkaloid” remained to be one of the rare companies in the country that managed to maintain the positive trend of growth and development, and even improve its performances

Менаџерскиот тим на „Алкалоид“ во овој период ја зацврстува определбата за интензивирање на развојот преку јасниот концепт - инвестиции во објекти и техничко-технолошко осовременување на производството. И покрај релативно лимитираната акумулативност во тоа време, веќе во 1986 година е направен првиот потег во оваа насока, со купувањето нова опрема во Одделението за ампули. „Алкалоид“ го зголемува производството и асортиманот, а сé понагласената извозна ориентација на компанијата резултира со пробив на странските пазари. Кон крајот на оваа декада се склучени исклучително значајни извозни аранжмани, во чии рамки „Алкалоид“ прв на овие простори воспоставува нов вид деловна соработка со меѓународно етаблирани фармацевтски куќи. Со цел да се

achievement of exceptional results and simultaneous motivation of the employees, constant profitability, investments in modernization, maintaining Company unity, regular dividend payment to all shareholders and taking permanent care of the employees. The management team of “Alkaloid” in this period reaffirmed their commitment to intensifying the development through the clear concept – investment in facilities and technical and technological upgrading of the production. Despite the relatively limited accumulation in that period, in 1986, a new equipment was purchased in the Ampoule unit. “Alkaloid” expanded its product portfolio, and the prominent export orientation of the company resulted in entry into the foreign markets. By the end of this decade, a series of exceptionally important export

1986 ›
1996

реализираат извозните обврски, „Алкалоид" склучува договори за соработка со реномирани европски компании. Ваквата соработка резултира со реализирање на извоз, што неколкукратно ги надминува тогашните максимални производствени капацитети на компанијата.
Палета на повеќе производи од асортиманот на „Алкалоид", под препознатливиот македонски бренд, излегува од производните линии на швајцарски „Солко" и француски „Делагранж".
Остварените резултати му овозможуваат на „Алкалоид" добра кондиција за реализирање на амбициозните развојни планови на менаџерскиот тим. Инвестициите се насочуваат кон купување современа опрема, јакнење на машинскиот парк, а изградбата на нова фабрика за лекови е зацртана како единствена вистинска перспектива за компанијата.
Паралелно продолжува и модернизацијата, односно развојот и на делот за козметика, а крупен инвестиционен зафат од околу 400.000 евра (изразено во тековна валута) е реализиран и во фабриката за органски и неоргански хемикалии, како и во делот на Премази.
Начелото дека за сé попробирливите светски пазари инвестирањето не е избор, туку неопходност, и понатаму останува цврста определба во деловната агенда на „Алкалоид".
Стратешки, „Алкалоид" го реализира најзначајниот потег: трансфер на современ извозно ориентиран систем, со отворање сестрински компании надвор од границите на државата. Ваквата мрежа континуирано се проширува на нови пазари.

arrangements were entered into, which put "Alkaloid" in a position to be the first company in this region to establish a new model of business cooperation with internationally renowned pharmaceutical companies. "Alkaloid" signed cooperation agreements with renowned European companies for exporting its products. This export exceeded the previous maximum production capacities of "Alkaloid" by multipe times. A range of Alkaloid's products, under the distinguishable Macedonian brand came out of the production lines of the Swiss "Solco" and the French "Delagrange".
The achieved results boosted "Alkaloid" towards accomplishing the ambitious development plans of the management team. The investment was aimed at purchasing new equipment, upgrading the machinery, and construction of the new pharmaceuticals production facility, which was considered as the only real perspective for the company.
Simultaneously, modernization in the cosmetic plant took place, along with the major investment of about EUR 400.000 (expressed in present currency) in the organic and inorganic chemical plants and Coatings segment. The principle that investment in the highly demanding world markets is not a choice, but rather, a necessity, persisted to be a firm commitment in the business agenda of "Alkaloid".
Strategically, "Alkaloid" realized the crucial move: transfer into a modern, export oriented marketing system by establishing daughter companies abroad. This network has been continuously broadened to new markets.

























Дел од асортиманот во палетата на козметички производи

Part of the product assortment range of cosmetics



# 1996 ›
# 2006







1996 >
2006

Почеток на изградбата на капацитетите за производство на цврсти дозни форми (локалитет Автокоманда, фотографија десно) и полусинтетски цефалоспорини (локалитет Ѓорче Петров, фотографија лево). Камен темелник на новиот капацитет за полусинтетски цефалоспорини (фотографија лево)

Beginning of the construction works of the facilities for solid dosage forms production (production site Avtokomanda, photo right) and semi-synthetic cephalosporines (production site Gjorche Petrov, photo left).
Cornerstone of the new semi-synthetic cephalosporines production facility (photo left)

Во 1996 година „Алкалоид" го почнува најкрупниот инвестициски циклус. Прв чекор во развојната стратегија на компанијата е стартот на изградбата на новата фабрика за цврсти таблетни форми, со површина од околу 12.000 m$^2$.
Квалитативно нов значаен потег на „Алкалоид" во овој период е соработката со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ). Договорите со овие меѓународни финансиски институции, потпишани во јули 1999 година, претставуваат основа за нов вид повеќеслојна соработка. Преку нив, „Алкалоид" од една страна

In 1996 "Alkaloid" began its greatest investment cycle. The first move in the development strategy of the Company was the beginning of the construction of the new factory for solid dosage forms, covering nearly 12.000 m$^2$.
A qualitatively new move in this period was the cooperation established with the European Bank for Reconstruction and Development (EBRD) and the International Finance Corporation (IFC). The agreements signed with these international financial institutions in July 1999, were the basis for a new model of tied cooperation. Through them, "Alkaloid", on



обезбедува финансиска поддршка од околу 17,4 милиони евра и тоа не како класичен кредит, туку во форма на конвертибилен заем, кој во секој момент ЕБРД и ИФЦ можеа да го трансферираат во акционерски капитал во компанијата. Од друга страна, преку ваквиот вид соработка, што за прв пат се реализира во Македонија, „Алкалоид“ ги имплементира најсовремените принципи на корпоративно управување. Заемот е комплетно предвремено исплатен во 2004 година.
Во носечката дејност на „Алкалоид“, секторот Фармација, почнува имплементација на строгите норми

one hand, obtained financial support of nearly EUR 17,4 million, not as a standard credit line, but in a form of convertible loan which, at any moment could have been transferred as equity in the Company by EBRD and IFC. On the other hand, through this model of cooperation, which was introduced in Macedonia for the first time, “Alkaloid” implemented the latest principles for corporate management. This loan was completely pretimely paid in 2004.
In Pharmaceuticals, the leading division of “Alkaloid”, the implementation of the strict norms for good manufacturing practice, the GMP standards, was




за добра производствена пракса, т.н. GMP стандарди. Претходно, во делот на билкарство и лекови се воведени највисоките тогашни ISO стандарди, кои подоцна се инсталирани и во сите други капацитети на компанијата со постојано надградување. Сето ова создава услови носечкиот македонски фармацевтски бренд да фати чекор со светски признатите производители на лекови. Во 1999 година се комплетира новиот магацин за готови лекови со современ дистрибутивен центар, а во април 2000 година е предаден во употреба најсовремен магацин за суровини и амбалажа.
Под мотото 'пробив на светскиот пазар', инвестирањето се интензивира во 2002 година со стартот на новата фабрика за цврсти дозни форми и на фабриката за полусинтетски цефалоспорини, единствена во регионот во која целосно се имплементирани стандардите за добра производна пракса (ДПП).

introduced. Previously, Botanicals and Pharmaceuticals divisions had introduced the highest ISO standards,which were later applied to all other "Alkaloid" facilities and continuously upgraded.
All this acted as a precondition for the leading Macedonian pharmaceutical brand to keep pace with the world famous drug manufacturers. In 1999 the new warehouse for finished drugs was transformed into a modern distribution centre, and in April 2000, the cutting-edge raw material and packaging warehouse was commissioned.
Under the motto 'Entry Into The World Markets' - investments intensified in 2002 by opening of the new factory for solid dosage forms and the factory for semi-synthetic cephalosporins, the first of the kind in the region, in which the Good Manufacturing Practice (GMP) standards were fully implemented.









Новите капацитети изведени согласно строгите норми за добра производна пракса (ДПП)

New facilities executed in compliance with the strict norms of Good Manufacturing Practice (GMP)

1996 › 2006




Извадоци од кампањата за промоција на новата парфемска колекција, 2002 година




Поради поефикасно и поквалитетно производство, „Алкалоид“ гради и опремува најсовремен оддел за пакување лекови во вредност од 4,5 милиони евра, со две нови линии: за пакување на цврсти форми (таблети, дражеи и капсули) со капацитет од 200.000 пакувања во минута и за ампули со капацитет од 30.000 ампули во минута.
Со цел да се обезбеди повисок степен на автоматизација на производството, по 600.000 евра се вложуваат во новата линија за дозирање и пакување раствори за орална употреба и во осовременување и адаптација на просторот за чување полупроизводи.
Во 2004 година е дислоциран најстариот погон на „Алкалоид“ од локалитетот во Автокоманда во новиот капацитет во Ѓорче Петров, каде со повисоки стандарди и пософистицирана опрема се обезбедува и повисок квалитет на производството.
Генералната определба на менаџерскиот тим за континуирано инвестирање, како услов за опстојување

In order to increase the efficiency and quality of the production processes, “Alkaloid” constructs and equips a state-of-the-art pharmaceuticals packaging facility, worth EUR 4,5 million, with two new lines: solid dosage forms packaging (tablets, film coated tablets and capsules) with the capacity of 200.000 packs per minute and ampoules packaging, with the capacity of 30.000 ampoules per minute.
The higher level of production automation is achieved by the introduction of the new line for dosing and packing of solutions for oral administration and adaptation of the semi-products storage area, both investments worth by EUR 600.000. In 2004, the oldest Alkaloid’s plant in the locality of Avtokomanda was relocated to the new premises in Gjorche Petrov, where the higher standards and the more sophisticated






Excerpts from the promotional campaign for the new perfume collection, year 2002

на светскиот пазар останува, но со новата агенда: вложувањата се насочуваат главно во опрема и во технологии. Нова целосно автоматизирана опрема, со далеку поголем капацитет и перформанси, е инсталирана во Билкарство, а вакво осовременување е воведено и во Козметика.
Во 2000 година Алкалоид-Фармација станува член на Европската генеричка асоцијација на производители на лекови. Во функција на врвниот квалитет на финалниот производ, значајни инвестициони фондови се алоцирани и во процесот на контрола и обезбедување квалитет на лековите во: најсовремена микробиолошка лабораторија вредна 1,2 милиони евра и дополнителни 500.000 евра за новата хемиска лабораторија.

equipment provide higher quality of production.
The general commitment of the management team for continuous investments as a condition for presence on the world markets persists, but the new agenda allocates theses investments mainly into new equipment and technology. New, fully-automated production machinery, with far higher capacity and performances were installed in Botanicals and Cosmetics.
In 2000, "Alkaloid" Pharmaceuticals became a member of the European Generic Association (EGA). With a view to maintaining the superior quality of the final products, considerable investment funds were also allocated in the processes of control and quality assurance of drugs: the state-of-the-art laboratory worth EUR 1,2 million was commissioned and additional EUR 500.000




1996 >
2006

Со заокружувањето на инвестициониот циклус е обезбедено целокупниот производствен процес, од влезот на суровината во фабриката до излезот на финалниот производ, да се одвива согласно со највисоките европски стандарди за производство на лекови. Тоа е верификувано и од страна на неколку инспекциски служби од земјите на ЕУ, како и од американската мултинационална компанија „Фајзер“, за која веќе со децении „Алкалоид“ е партнер од избор.
Во 2002 година „Алкалоид“ ја продава првата лиценца, за лекот „Кафетин“ на рускиот пазар. Гордост на компанијата е и патентирањето на

were invested in the new chemical laboratory.
The completion of this investment cycle was meant to ensure that the overall production process, from the raw material entry into the factory to the final product exit from the factory, is performed in compliance with the highest European standards for production of pharmaceuticals. This has been verified by several inspections from the EU countries, as well as by the American and multinational company, “Pfizer”, that has had Alkaloid as its partner of choice for years decades.
In 2002 Alkaloid sold the first license for “Caffetin” to the Russian market. The pride of the Company is the patent for the production formulation of the





The United States of America

The Director of the United States Patent and Trademark Office

Has received an application for a patent for a new and useful invention. The title and description of the invention are enclosed. The requirements of law have been complied with, and it has been determined that a patent on the invention shall be granted under the law.

Therefore, this

United States Patent

Grants to the person(s) having title to this patent the right to exclude others from making, using, offering for sale, or selling the invention throughout the United States of America or importing the invention into the United States of America for the term set forth below, subject to the payment of maintenance fees as provided by law.

If this application was filed prior to June 8, 1995, the term of this patent is the longer of seventeen years from the date of grant of this patent or twenty years from the earliest effective U.S. filing date of the application, subject to any statutory extension.

If this application was filed on or after June 8, 1995, the term of this patent is twenty years from the U.S. filing date, subject to any statutory extension. If the application contains a specific reference to an earlier filed application or applications under 35 U.S.C. 120, 121 or 365(c), the term of the patent is twenty years from the date on which the earliest application was filed, subject to any statutory extensions.

Director of the United States Patent and Trademark Office

Во 2003 година „Алкалоид“ доби патент за производството на Новаморф, подјазична дозна форма која содржи морфински соли

In 2003 "Alkaloid" obtained patent for the production of Novamorf, sublingual dosage form containing morphine salts

формулацијата за производство на препаратот Новаморф во САД во 2003 година.
Производната палета на „Алкалоид“ се пласира на пазарите на 29 земји, а компанијата со свои подружници ги покрива Руската Федерација, Швајцарија, Словенија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Бугарија и Албанија. Со отворањето подружница во Охајо, САД, во февруари 2005 почнува планот за пробив на еден од најпребирливите светски пазари.

preparation "Novamorf" in the USA in 2003.
The production portfolio of "Alkaloid" is marketed in 29 countries, and the Company with its subsidiaries covers the Russian Federation, Switzerland, Slovenia, Croatia, Serbia, Montenegro, Bosnia and Herzegovina, Bulgaria and Albania. The establishment openning of a subsidiary in Ohio, USA in February 2005 marks the plan for breakthrough in one of the most discerning markets in the world.

1996 >
2006













Во 2003 година „Алкалоид“ иницираше нова корпоративна кампања под слоганот: „Здравјето пред сѐ“, во чии рамки акцентот беше ставен на новите производни капацитети изведени според строгите норми за добра производна пракса (ДПП). „Алкалоид“ станува препознатлив и со новиот проактивен маркетиншки концепт и корпоративниот европски имиџ. Меѓу приоритетите остануваат грижата за вработените, акционерите, животната средина, деловните партнери, здравствениот систем и пред сé – здравјето на луѓето.

In 2003 “Alkaloid” launched a new corporate campaign under the slogan “Health Above All”. The campaign highlighted the new production facilities executed in compliance with the strict norms of good manufacturing practice (GMP).
In the meantime, “Alkaloid” has become recognizable by its proactive marketing concept and a European corporate image. The priorities include care for the employees, the shareholders, environment, business partners, health system and above all – the health of the people.

1996 >
2006

Од ноември 2002 година компанијата котира на официјалниот пазар на „Македонската берза на долгорочни хартии од вредност“

Since November 2002, the Company has been listed on the official market of the “Macedonian Stock Exchange”



На странските пазари, во 2006 година „Алкалоид“ пласира скоро 60% од производството, факт што ја потврдува извозната ориентација како доминантна определба на компанијата.
Реализираните инвестиции, промените и зголемениот обем на работа, особено во последните неколку години, ја наметнуваат потребата од надградба на постоечкиот и инсталирање модерен информативен систем и интеграција и консолидација на севкупната софтверска мрежа. Во текот на оваа декада, започна подготовката за имплементација на современиот САП - податочен софтверски систем на кој беа ангажирани околу 200 вработени од компанијата, 16 експерти од Хрватска и 4 од Англија.
Од ноември 2002 година компанијата котира на официјалниот пазар на „Македонската берза на долгорочни хартии од вредност“. „Алкалоид“ прв во Македонија го отвора и потврдува својот легимитет пред јавноста и транспарентно ги прикажува билансите

In 2006, “Alkaloid” markets almost 60 % of its products on the foreign markets, a fact that confirms the export orientation as dominant for the Company.
The realized investments, the changes and the increased volume of operations, especially in the past few years, have imposed the need of upgrading the existing and installing a modern information system and integration and consolidation of the complete software network. Interim this decade, the introduction of the modern SAP-data software system was initiated. 200 employees from the company, 16 experts from Croatia and 4 from England intensively worked on its implementation.
Since November 2002, the Company has been listed on the official market of the “Macedonian Stock Exchange”. “Alkaloid”, the first in Macedonia, reaffirmed its legitimacy in front of the public and transparently presented its balance sheets and financial operations in front of the potential investors.



МАКЕДОНСКА БЕРЗА

## Од утре со акциите на „Алкалоид" ќе се тргува на првиот пазар

**Директорот на оваа компанија најави дека акциите наскоро ќе се појават и на некоја европска берза**

Акциите на скопскиот фармацевтски гигант акционерското друштво „Алкалоид" од утре ќе котираат на првиот (официјален) пазар на македонската берза на долгорочни хартии од вредност, соопшти Евгениј Зографски, директорот на берзата.

- Котацијата на првиот пазар значи дека „Алкалоид" е задолжен да објавува информации за своето работење од кои ќе зависи цената, односно вредноста на неговите ак-

гашната деловна политика.

Објавувањето на личната карта на компанијата е законска обврска за секое акционерско друштво да котира на првиот берзански пазар. Оваа законска обврска важи за сите акционерски друштва во земјава што до крајот на месецов мора да почнат да ги котираат акциите на првиот пазар.

„Алкалоид" е една од најуспешните домашни компании со асортиман од 3.000 фарма-




и финансиското работење пред сите потенцијални инвеститори. „Алкалоид" е избран за најтранспарентна котирана компанија на Берзата за 2003 година, додека неговата акција е најликвидна и најтргувана на македонскиот пазар на капитал.
Паралелно со воведувањето нови технологии, се менува и структурата на вработените во полза на високо-стручните кадри. „Алкалоид" во својата визија останува на определбата дека најголемата инвестиција за една компанија е во човекот и во неговата едукација за управување со нови технологии, што несомнено е важно за развојот и битисувањето на компанијата, чија успешна приказна продолжува.

"Alkaloid" was chosen the most transparent company listed on the "Stock Exchange" for 2003, and the shares of the company have been among the most liquid and traded ones on the Macedonian capital Market.
Parallel with the introduction of the new technologies, changes occurred in the qualification structure of the employees weighing in favor of the higher education. "Alkaloid", in its vision, reaffirms its commitment that the greatest investment for a company is the investment in the employees and their training to operate new technologies, which is undoubtedly essential for the development and prosperity of the Company, whose success story continues.



# 2006 › 2016








2006 >
2016

Во јули 2007 година е пуштен во употреба новиот информатички систем AlkaSAP (лево);
Пуштање во употреба на новиот центар за информатичка технологија (десно)

In July 2007, Alkaloid launched the new information system branded under the name AlkaSAP (left);
Commissioning of the new center for information technology (right)

Извозната ориентација, стабилната пазарна позиција, отвореноста кон нови партнерства и форми на соработка, остануваат водечки приоритети во деловната агенда на компанијата и во оваа декада. „Алкалоид“ располага со модерно продуктно портфолио, професионален кадар и стандарди на работење кои се компатибилни со најстрогите светски регулативи. Главни одлики на компанијата се тимската работа и проактивниот маркетинг концепт. Во услови на интензивна глобализација, нагласен технолошки развој и огромна пазарна конкуренција, компанијата засилено и континуирано продолжува да инвестира во своите процеси.

The export orientation, stable market position, openness towards new partnerships and various types of cooperation, remain to be considered as top priorities on the Company's business agenda for the current decade as well. "Alkaloid" has a modern product portfolio, professional staff and operating standards that are compatible with the most strict world regulations. The main features of the company are team work and proactive marketing concept. In times of intensive globalization, emphasized technological development and huge competition on the market, the company continues to invest in its processes with intensive pace.






Со цел да се осигури непречено, ефикасно и синхронизирано работење во деловното функционирање на „Алкалоид“, во јули 2007 година е пуштен во употреба новиот информатички систем mySAP ERP (Enterprise Resource Planning), брендиран под името AlkaSAP. „Алкалоид“ е единствената компанија во Македонија која го воведува САП системот како свое матично решение. Иницијалната инвестиција, вредна над два милиони евра е надградена, проширена и имплементирана уште во неколку подружници на „Алкалоид“. Со воведувањето на овој систем направен е значителен квалитативен скок во работењето и исполнувањето на GxP/FDA - стандардите преку валидиран софтвер. Процесот на комплетирање на информатичко-технолошка екипираност во рамки на компанијата е заокружен во 2010 година, со пуштањето во употреба на Центарот за информатичка технологија „Трајче Мукаетов“, проект вреден околу 600.000 евра.

In order to provide for coordinated, efficient and synchronized operations as part of the overall functioning of “Alkaloid”, the new information system my SAP ERP (Enterprise Resource Planning) was introduced in July 2007, under the name of “AlkaSAP”. That made “Alkaloid” the first and only company in Macedonia that has introduced the SAP system as its proper internal software solution. The initial investment, in the amount of more than 2 million Euros, was upgraded, extended and implemented in a few “Alkaloid” subsidiaries abroad. The introduction of this system marked a significant improvement in the quality of operations and meeting the GxP/FDA standards by means of validated software. The process of completion of the information technology setup within the company ended in 2010, with the commissioning of the refurbished Information Technology Center “Trajche Mukaetov”, a project worth approximately EUR 600.000.





2006 >
2016

Отворање на новата подружница во Подгорица, Црна Гора (лево).
Производниот погон во Белград, Р. Србија (десно)

Opening of the new subsidiary in Podgorica, Montenegro (left).
From the production site in Belgrade, R. Serbia (right)

Континуираните заложби на „Алкалоид“ за зајакнување на извозните позиции на странските пазари, се потврдуваат со отворањето нови канцеларии на компанијата во Црна Гора (2007 година), Украина (2009 година), Босна и Херцеговина (2011), Турција (2013 година); како и нови веледрогерии во Љубљана, Словенија и Белград, Србија (2011 година). Од особено значење за „Алкалоид“, е отворањето на првиот производствен погон надвор од Македонија, во Белград, Република Србија во 2010 година, со капацитет од 23 милиони блистери годишно или околу 10 милиони кутии готов производ – подготвени за пласман на соодветниот пазар. За целите на овој проект, во период од 6 години, компанијата има вложено близу 5 милиони евра, алоцирани во сегментот на производство на цврсти и течни фармацевтски форми и контролна лабораторија за физичко-хемиско испитување и контрола на квалитетот на лековите.
Сѐ понагласената извозна ориентација на „Алкалоид“ резултира со потпишување нови договори и партнерства со меѓународно етаблирани компании. Во 2009 година, „Алкалоид“ потпиша договор за партнерство и заеднички настап на пазарите во регионот и пошироко со јапонската корпорација „NIPRO“, реномиран производител на дијализери и потрошен материјал за хемодијализа. Покрај интензивирањето на соработката со американската

Alkaloid's continuous commitment for expansion on foreign markets was affirmed by the opening of new company offices in Montenegro (2007), Ukraine (2009), Bosnia and Herzegovina (2011) and Turkey (2013); as well as new wholesale companies in Ljubljana, Slovenia and in Belgrade, Serbia (2011). In 2010, “Alkaloid” opened its first production facility outside Macedonia, in Belgrade. This production site has capacity of 23 million blister packs or around 10 million finished product packages, ready to be placed on the respective market. During a period of 6 years, the Company has invested almost 5 million Euros allocated in the segments of solid and liquid dosage forms production and control laboratory for physical and chemical testing and quality control of its pharmaceutical products.




Новиот Институт за истражување и развој
(претходно Институт за развој и контрола на квалитет)

New institute for Research and Development
(formerly Institute for Development and Quality Control)

„AVEDA“, во 2011 година „Алкалоид“ започнува соработка со уште две реномирани компании од САД во делот на програмата билкарство: „Arbonne International“ и „Swanson Healthcare“, за кои се произведуваат 14 типа чајни мешавини наменети за пазарите во САД, Канада, Обединетото Кралство и Пацификот.
Во делот на фармацијата, компанијата трасира соработка со светски реномирани компании како: „Ranbaxy“, „Takeda“, „Bristol Laboratories“, „HBS“, „Generic Partners“ и други, а се интензивираат и деловните активности на домашната фирма-ќерка, „Алкалоид КОНС“, која во 2016 година соработува со 22 реномирани светски фармации, за кои застапува над 1.500 фармацевтски производи на македонскиот пазар.

Alkaloid's prominent export orientation resulted in entering into new contracts and partnerships with internationally renowned companies. In 2009, "Alkaloid" signed a Contract for Partnership and Joint Operations on the regional markets and beyond with the Japanese corporation "NIPRO", a renowned producer of hemodialysis equipment and supplies. Besides intensifying its cooperation with the American company "AVEDA", in 2011, Alkaloid begun its cooperation with another two renowned US companies in the botanicals program: "Arbonne International" and "Swanson Healthcare" producing 14 various types of tea blends destined for their markets in the USA, Canada, the United Kingdom and the Pacific.
In the pharmaceuticals sector, the Company established collaboration with renowned world companies such as: "Ranbaxy", "Takeda", "Bristol Laboratories", "HBS", "Generic Partners" and others, and has intensified the business operations of its domestic daughter company "Alkaloid CONS Ltd.", which had 22 renowned global pharmaceutical companies in its cooperation portfolio in 2016, representing more than 1,500 pharmaceutical products on the Macedonian market.



## 2006 › 2016

Присуството на „Алкалоид“ на пазарите во над 30 земји во светот и постојаното тежнеење кон отворање нови перспективи, налага внимателно следење на барањата на строгите светски авторитети од областа на здравството и фармацијата и нивно имплементирање во секојдневното работење. За таа цел, во оваа декада, „Алкалоид“ пушта во употреба неколку стратешки важни капитални инвестиции кои значително ќе влијаат на зголемување на ефикасноста при контролата на квалитетот на производите и хармонизација со строгите барања на светските регулаторни авторитети.

Во 2009 година, пуштен е во употреба Институтот за истражување и развој (претходно Институт за развој и контрола на квалитет), дизајниран и изведен во согласност со највисоките норми за добра производна пракса на лековите – инвестиција вредна 9 милиони евра – опремен со современа лабораториска и пилот опрема од реномирани светски производители. Во 2016 година, компанијата пушта во употреба уште една

The presence of “Alkaloid” on the markets of over 30 countries around the world and its continuous endeavors for opening up new perspectives, requires careful monitoring and adherence to the requirements of the global healthcare and pharmaceutical authorities and their implementation in the daily operations. To this end, during the current decade, “Alkaloid” implemented several strategically important capital investments that would significantly improve the product quality control efficiency and provide for harmonization with the strict requirements defined by the world regulatory authorities.

The Institute for Research and Development (initially Institute for Development and Quality Control), an investment commissioned in 2009 and worth more than 9 million Euros, was designed and built according to the highest norms of good manufacturing practice, furnished with modern laboratory and pilot equipment from renowned world manufacturers. In 2016, the Company has introduced yet another capital








капитална инвестиција, вредна над 5 милиони евра - новиот Центар за контрола на квалитет е технолошко-аналитички капацитет изведен според најстрогите светски норми за овој тип објекти, во кој се изведуваат операции за: Контрола на суровини, контактна и секундарна амбалажа; Контрола на фазно производство и готови производи; Микробиолошка контрола и стабилност на фармацевтски производи; Валидациони активности и мониторинг и Изработка на аналитичка документација за регистрационите активности за фармацевтските производи. „Алкалоид" стави во употреба уште еден нов капацитет од овој вид во Љубљана, Република Словенија: новата лабораторија „АлкалЛаб" - инвестиција вредна близу 1 милион евра - врши физичко-хемиско тестирање на фармацевтските производи на „Алкалоид" наменети за пласман на пазарите во Европската Унија.
Посветеноста на производство на модерни, ценовно достапни, безбедни и ефикасни форми на генерички лекови во кои се имплементирани најновите

investment, worth more than 5 million Euros: the new Quality Control Center is a technological and analytical unit, established in accordance with the strictest world standards for these types of facilities, used for raw materials control; primary and secondary packaging; inter-phase production control and quality control of finished products; microbiological control and stability of pharmaceutical products; validation activities and monitoring and drafting of analytic documentation for the purpose of registration of pharmaceutical products. "Alkaloid" commissioned yet another unit of this type in Ljubljana, Slovenia. The new laboratory "AlkaLab" – an investment worth nearly 1 million Euros – performs physical-chemical testing of Alkaloid's pharmaceutical products intended for the markets of the European Union. The commitment of producing modern, high-quality, affordable, safe and efficient forms of generic drugs that incorporate latest technological achievements, has been certified on several occasions by various renowned authorities in the sphere of healthcare and

2006 › 2016



откритија на технологијата, е неколкукратно потврдена од страна на реномирани авторитети од областа на здравството и фармацијата од земјава и од странство. Покрај домашните и регионални сертификати за Добра производствена пракса, „Алкалоид“ во 2007 година добива Сертификат за добра производна пракса од „Британската агенција за лекови и медицински помагала“ („Medicines and Helathcare Regulatory Agency, United Kingdom“). Со овој сертификат, компанијата се здобива со правото на пласман на лекови на британскиот пазар и на пазарите на земјите-членки на Европската Унија.
По 5-годишна блиска соработка со 40 експерти, опширна анализа и хармонизација со европските регулативи за фармацевтски производи, испитување на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на препаратот во референтните земји; „Алкалоид“ ја доби првата маркетиншка авторизација за својот препарат „Алицеф“ (цефадроксил) за земјите на стара Европа (Франција, Германија и Австрија), по што следеа и првите регистрации на алкалоидови препарати за италијанскиот и шпанскиот пазар. На пазарите на земјите членки на Европската унија, во 2016 година, „Алкалоид“ има над 200 авторизации за пласман на свои производи.
За целите на непречено спроведување на производните процеси од влезот на суровината до излезот на готовиот производ, „Алкалоид“ во оваа декада вложи значителни средства за опремување и одржување на складишните капацитети. Последната реализирана инвестиција од овој тип, во износ од 1,2 милиони евра наменети за енергетско-ефикасен високо-регален магацин е комплетно пуштена во употреба во 2014 година.
Инвестициите во производна опрема за опслужување на потребите на производните сегменти имаа засилено темпо во текот на оваа декада.

pharmacy in the country and abroad. Apart from the domestic and regional certificates of good manufacturing practice (GMP), in 2007, “Alkaloid” received a Certificate of Good Manufacturing Practice from the Medicines and Healthcare Regulatory Agency (MHRA) from United Kingdom. By obtaining this Certificate, the Company has acquired the right to market its drugs on the British market and the markets of the EU member states.
As a result of close cooperation with 40 European experts in a period of five years, detailed analysis and





Пуштен е во употреба новиот високо-регален магацин на локалитетот Ѓорче Петров

New high rack warehouse at the production site Gjorche Petrov was commissioned





harmonization with the EU regulations on pharmaceutical products, testing of quality, safety and efficiency of the preparation in the reference countries, "Alkaloid" obtained the first marketing authorization for its preparation "Alicef" (cefadroxil) in three countries of the old continent (France, Germany and Austria), which was then followed by the very first registrations of Alkaloid's preparations on the Italian and Spanish markets. In 2016, "Alkaloid" had more than 200 marketing authorizations for its products on the markets of the member states of the European Union. In order to provide for unhindered flow of the production process, beginning from raw materials entry to finished products storage at the end of the line, during the current decade, "Alkaloid" has invested significant funds in its warehousing facilities, the necessary equipment and maintenance. The very last investment of this type, in the amount of 1.2 million Euros, was the construction of an energy efficient, high rack warehouse, which became fully operational in 2014.

Производните капацитети на компанијата се опремени со неколку нови линии за пакување на цврсти дозни форми и цефалоспорини; опрема за филмување на таблети; опрема за печатење на фолии за блистер пакувања; интегрирана линија за влажна гранулација; дупликатори за течни фармацевтски форми; нова машина за производство на капсули; машини за таблетирање и филмување на таблети; блистер линија со можност за двојно алуминиумско пакување на лекови чувствителни на влага и друга производна опрема.

During the last decade, the investments in production equipment for the various production segments have been intensified. The production facilities of the Company have been expanded with a few new packaging lines for solid dosage forms and cephalosporins; tablet film coating equipment; blister foil printing machines; integrated line for wet granulation; duplicators for liquid dosage forms; new capsules production machine; tabletting machines and aluminum foil sealing machines; blister line with a possibility of double aluminum foil packaging for protection of moisture-sensitive drugs and other production equipment.

2006 >
2016

На крајот на оваа декада, производните капацитети во фармацевтскиот дел изразени во две смени на годишно ниво изнесуваа:

- 2 милијарди таблети
- 200 милиони капсули
- 3,5 милиони шишенца на суви смеси за орална употреба
- 4,6 милиони ампули од 1 ml, или 23,6 милиони ампули од 2 ml или 14,2 милиони ампули од 5 ml или 2 милиони ампули од 10 ml
- 4 милиони шишенца капки за очи
- 6 милиони супозитории
- 12,6 милиони туби маст, кремови, гелови
- 800.000 шишенца раствори за надворешна употреба

At the end of this decade, the annual production capacities of the Company, organized in two shifts, were as follows:

- 2 billion tablets
- 200 million capsules
- 3,5 million Bottles with powder for oral administration
- 4,6 million ampoules of 1 ml, or 23,6 million ampoules of 2 ml or 14,2 million ampoules of 5 ml or 2 million ampoules of 10 ml
- 4 million bottles of eye drops
- 6 million suppositories
- 12,6 million tubes of ointments, creams and gels
- 800.000 bottles of solutions for external administration





2006 ›
2016




Со цел да се задржи фокусот на главната и носечка дејност на компанијата, фармацијата и дејностите кои се комплементарни со неа, во 2009 година, „Алкалоид“ комплетно го дивестираше секторот Премази.
Во сегментот Билкарство, поради зголемениот обем на извозните пласмани за американскиот пазар, во 2016 година набавена е нова машина за полнење филтер чаеви со годишен капацитет од 5 милиони пакувања. Програмата билкарство, покрај ISO 9001, ISO 14001 и HACCP стандардите, го добива и сертификатот за органско производство, со кој производите на сега веќе редизајнираниот бренд „Good Nature“, стануваат првите сертифицирани органски производи во Република Македонија.

In order to maintain the focus on its main activity, the pharmaceuticals, and the activities complementary thereto, in 2009 “Alkaloid” completely divested the Coatings segment.
With regards to the botanicals segment, due to the increased export volumes to the US market, a new filter tea bag packing machine with an annual capacity of 5 million tea bags was purchased in 2016. Apart from the ISO 9001, ISO 14001 and HACCP standards, the botanicals program has received a certificate for organic production, making the products of the newly redesigned “Good Nature” brand the first organically certified products in the Republic of Macedonia. The organic symbol was granted by certifying all three segments: the









Симболот за органски производи и квалитет е добиен со сертификација на трите сегменти: производи, производство и региони од каде се собираат билните суровини. Сертификатот е издаден од Control Union Certifications за методи на еколошко производство согласно регулативите на Европската Унија EEC No.2092/91, USDA-NOP (United States Department of Agriculture - National Organic Programme) и JAS (Japanese Agricultural Standards). Во 2012 година, брендот „Good Nature“ го добива и ХАЛАЛ сертификатот, кој е уште една потврда на квалитетот и безбедноста на алкалоидовите билни производи. Засилени маркетиншки активности се бележат и во делот на козметика. Брендот „Бекутан“, кој во 2008

products, the production process and the regions where plants and herbs have been collected from. The certificate has been issued by Control Union Certifications in relation to our ecological production methods in accordance with the regulations of the European Union EEC No.2092/91, USDA-NOP (United States Department of Agriculture – National Organic Programme) and JAS (Japanese Agricultural Standards). The Good Nature brand was granted the HALAL certificate in 2012, as yet another confirmation of the quality and safety of Alkaloid's herbal products.

Intensified marketing activities are also to be noted in the cosmetics field. Our "Becutan" brand has marked its 30th anniversary in 2008 and still sovereignly




2006 › 2016

година одбележа 30 години постоење, суверено ја држи позицијата на лидер за детска козметика во Македонија и регионот. Портфолиото на „Бекутан", кое доби нов и модерен дизајн задржувајќи го препознатливиот изглед, на крајот од оваа декада брои над 40 типа на производи кои се пласираат на 13 пазари во Југоисточна Европа.

Геополитичките настани во оваа декада, кои влијаеја на регионалните и глобалните економските текови, надополнети со светскиот тренд на намалувањето на цените на лековите, наложија низа предострожности во секојдневното функционирање на „Алкалоид". И покрај сите објективни и субјективни предизвици во оваа декада, компанијата успеа да презентира континуиран раст на профитот и на продажбите.

maintains its leading position in the segment of child cosmetics in Macedonia and the region. At the end of the current decade, the "Becutan" product portfolio, which in 2010 was given a new and modern redesign, yet maintaining its recognizable visuals, has more than 40 various types of products, placed in the markets in 13 countries in Southeastern Europe.

The geopolitical events during the last decade, which had an effect on the regional and global economic trends, complemented by the worldwide trend of reduction of the prices of the pharmaceutical products, have all entailed strings of precautions in the daily operations of "Alkaloid". Regardless of all objective and subjective challenges during this decade, the Company managed to achieve a continuous increase in its profits and sales revenue.



Во 2016 година, „Алкалоид“ ја лансираше редизајнираната колекција за сончање „Бекутан“, изготвена во соработка со врвни дерматолози и педијатри

In 2016, “Alkaloid” launched the redisigned sun protection collection “Becutan”, made in cooperation with leading dermatologist and pediatricians




Вкупните консолидирани пласмани на „Алкалоид“ од 53,1 милиони евра во 2005 година, се искачија на консолидирани 127,5 милиони евра во 2015 година. Задоволството на вработените, акционерите и сите иматели на удели во „Алкалоид“ остана на врвот на агендата на менаџментот.
Акциите на „Алкалоид“, од котирањето на друштвото на првиот официјален пазар на „Македонската Берза за хартии од вредност“ во 2002 година, па и во текот на цела оваа декада, останаа меѓу најтргуваните и најликвидните. Компанијата е добитник на престижни признанија од страна на „Македонската Берза“ за високото ниво на квалитет во корпоративното управување, транспарентно, навремено и квалитетно известување за берзантските операции, односите со инвеститорите и јавноста воопшто.

The total consolidated sales of “Alkaloid” have increased from EUR 53,1 million in 2005 to 127,5 million Euros in 2015.
Maintaining the satisfaction and content of the employees, business partners, shareholders and all stakeholders in “Alkaloid”, remains at the very top of the management’s agenda.
From the listing on the first official market of the “Macedonian Stock Exchange” back in 2002, throughout this entire decade, Alkaloid’s shares have been amongst the most traded and most liquid ones on the stock exchange market. The Company received numerous prestigious acknowledgments by the “Macedonian Stock Exchange” for its high level of corporate management, transparent, timely and high quality reporting on stock





2006 >
2016

„Алкалоид“ во оваа декада е шесткратен добитник на наградата „Кристално sвоно“.
Општествената одговорност, како дел од традицијата на „Алкалоид“ и одлика на секој вработен, продолжи со нагласено темпо во текот на оваа декада.
Како проверен и сигурен партнер на македонското здравство и фармација „Алкалоид“ активно партиципира и помага во реализацијата на домашни и меѓународни стручни манифестации, учествува со донации во опрема и инфраструктурни проекти за амбулантите и болниците низ Македонија. Логото на „Алкалоид“ и неговото мото „Здравјето пред сè“ се често присутни и на дресовите на македонските спортски репрезентации. Шаховскиот клуб „Алкалоид“ со години е на врвот во Македонија а во 2009 и 2015 година се најде меѓу најдобрите 10 во Европа.
Во чест на големиот стратег и визионер, во 2007 година „Алкалоид“ ја формираше Фондацијата „Трајче Мукаетов”. Фондацијата стипендира млади, амбициозни кадри кои својата кариера ја посветиле на македонското здравство и фармација.

activities and its relations with the investors and the public in general. During this decade, “Alkaloid” has been six-fold recipient of the “Crystal Bell Award” granted by this institution.
Corporate social responsibility is a part of the tradition of Alkaloid and a feature possessed by every “Alkaloid” employee. CSR activities were prominent interim this decade.
As verified partner of the Macedonian healthcare and pharmacy, “Alkaloid” actively participates and sponsors the organization of many domestic and international expert events; provides for donations for medical equipment and infrastructural projects for outpatient facilities and hospitals throughout Macedonia. The logo of “Alkaloid” and its motto “Health above all” are frequently present on the jerseys of the Macedonian national sports teams. The Chess Club of “Alkaloid” has been at the very top in Macedonia for years and in 2009 and 2015, it was ranked amongst the best 10 chess clubs in Europe.
In honor of the great strategist and visionary, in 2007, “Alkaloid” established the Foundation “Trajche Mukaetov”. The Foundation grants scholarships to young, ambitious people, who have dedicated their carriers to the Macedonian sectors of healthcare and pharmacy.









По повод одбележувањето на 80 годишниот јубилеј, „Алкалоид“ промовираше нова рекламна кампања во која низ стиховите на македонска поема се претставени профилите на тројца вработени во „Алкалоид“, кои своите персоналитети секојдневно ги ставаат во служба на унапредување на здравјето на секој поединец. Снимањето се одвиваше на неколку локации во Македонија, како и во „Алкалоид“ на локалитетот Автокоманда, и тоа: во производствените погони, во Институтот за истражување и развој, како и во новиот Центар за контрола на квалитетот.



On the occasion of marking the 80th jubilee of the company, “Alkaloid” launched a new promotional campaign where the verses of a Macedonian poem present the profiles of three “Alkaloid” employees who put their personalities in the service of improvement of the health of each individual.  The filming took place on several locations in Macedonia, as well as in "Alkaloid", at the Avtokomanda site, including: the production facilities, the Institute for Research and Development and the new Centre for Quality Control.



# In Memoriam



# ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ

1945 – 2007

# TRAJCHE MUKAETOV

На 29 март 2007, со огромна тага, се разделивме од творецот на модерниот „Алкалоид", Трајче Мукаетов – човекот кој ќе го паметиме по неговата непосредност и вродена мудрост.

Роден на 20 септември 1945 година, својата кариера ја започнува по дипломирањето на Електротехничкиот факултет во Белград, по што како дипломиран експерт во 1973 година е назначен за прв директор во Организацијата за процеси и информатика при Републичкиот завод за информатика на Македонија.

With a great sorrow, on March 29, 2007, we parted from the creator of contemporary "Alkaloid", Trajche Mukaetov, whom we shall remember for his spontaneity and innate wisdom.

He was born on September 20, 1945, and begun his carrier after graduating from the University of Belgrade, Faculty of Electrical Engineering. As a graduated expert, in 1973, he was appointed as the first Director of the Processes and Informatics Department at the National Informatics Bureau of Macedonia.









Под водство на Трајче Мукаетов електронскиот центар на „Алкалоид“ е прогласен за водечки компјутерски центар во Македонија

Under the leadership of Trajche Mukaetov, the information proccessing unit of “Alkaloid” was proclaimed to be the leading computer center in Macedonia

Неговата кариера продолжува во „Алкалоид“, каде во 1974 го основа компјутерскиот центар на компанијата. Набрзо, под негово водство, овој центар е прогласен за водечки компјутерски центар во Македонија. Во 1982 година, Трајче Мукаетов е назначен за директор на секторот за информатика при „Алкалоид“, а од 1985 година ја извршува функцијата Генерален директор на компанијата.

His carrier continued in “Alkaloid”, where in 1974 he founded the Company’s Computer Center. Thereon, under his leadership, this unit was proclaimed to be the leading computer center in Macedonia at the time. In 1982, Trajche Mukaetov was appointed a Director of the Information Technology Sector in “Alkaloid” and since 1985, he was holding the position of Chief Executive Officer of the Company.



Од 33 години поминати во„Алкалоид", на чело на компанијата беше цели 22. Периодот на неговото раководење со „Алкалоид" е одбележан со најголемиот инвестициски циклус во компанијата, но исто така и со трансформација на сопственоста во рамки на системските реформи во државата. И покрај радикалните промени, „Алкалоид" остана една од малкуте компании во државата кои успејаа да го задржат позитивниот тренд на раст и развој, па дури и да ги подобрат своите перформанси.

"Не ми беше најважно да трупам имот и да купувам фирми, туку напротив, најголем предизвик ми беше да го издигнам 'Алкалоид' во современа и успешна компанија; компанија која ќе биде регионален лидер и која ќе продолжи успешно да работи и после моето заминување од челната позиција. 'Алкалоид' е компанија за сите времиња и мора да мислиме и за нашата иднина".

***24 февруари 2005 година***
***Деловен магазин „Капитал" бр. 274***

Out of 33 years spent in "Alkaloid", he was heading the company for an entire 22 years. The period of his administration of "Alkaloid" was marked by the largest investment cycle at the Company, but also by the ownership transformation as part of the systemic reforms in the country. Besides the radical changes, "Alkaloid" remained one of the few companies in the country, which managed to maintain the positive trend of growth and development and even improve its performances.

"My top priority was not to pile up properties or buy companies, but, on the contrary, my biggest challenge was to develop 'Alkaloid' into a modern and successful company; a company that will assume the role of regional leader and continue its successful operation for long after I leave the head position. 'Alkaloid' is a company for all times and we need to think about our future".

***February 24, 2005***
***Business magazine "Capital", issue No. 274***







Од лево кон десно: отварање на нов фармацевтски капацитет (ноември 1986); потпишување на Договорот за конвертибилен заем со тогашниот претседател на Светска Банка, Џејмс Волфенсон (јули 1999); поставување на камен темелник на новата фабрика за цврсти дозни форми (ноември 1995)

From left to right: openning of a new pharmaceutical capacity (November 1986); signing of the Convertible Loan Agreement with the president of World Bank Group at the time, James Wolfensohn (July 1999); Laying of the cornerstone of the new solid dosage form factory (November 1995)

Како голем стратег и визионер, Трајче Мукаетов во 1996 го иницираше создавањето на нови фармацевтски погони опремени со нови автоматизирани производни линии и зголемен капацитет на производство. Во текот на истиот период беше трасирана и соработката на „Алкалоид“ со водечките светски финансиски корпорации, во услови на нестабилност во регионот и за првпат, без гаранција од страна на државата:

„Соработката со Европската банка за обнова и развој (ЕБРД) и Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) многу ни помогна. Како резултат на таа соработка,'Алкалоид' денес е респектабилна компанија“.
***24 февруари 2005 година***
***Деловен магазин „Капитал“ бр. 274***

Being a great strategist and visionary, in 1996, Trajche Mukaetov has initiated the establishment of the new pharmaceutical production plants with new automated lines and increased production capacity. During this same period, "Alkaloid" has established its cooperation with the world's leading financial corporations, in an unstable regional environment and for the first time, without any guarantees on behalf of the state:

"The cooperation with the European Bank for Reconstruction and Development (EBRD) and the International Financial Corporation (IFC) was of a great assistance to us. Nowadays, 'Alkaloid' is a respectable company as a result of this cooperation".
***February 24, 2005***
***Business magazine "Capital", issue No. 274***






„Кога зборувам за успехот на Алкалоид секогаш ги спомeнувам и минатите генерации кои придонесувале за ова што денес е Алкалоид“ – Трајче Мукаетов

“Whenever I speak of Alkaloid’s success, I think of the past generations who gave their own contribution for the current state of the Company” – Trajche Mukaetov

Интензивирање на развојот, експанзија и развивање на „Алкалоид“ во водечка фармацевтска компанија во регионот, се основните одлики на менаџерскиот мандат на Трајче Мукаетов. Неговиот придонес кон развојот и афирмацијата на „Алкалоид“, дефинирањето на деловната стратегија и долгорочна политика на компанијата продолжија од позицијата на Претседател на управниот одбор во текот на последната година од неговиот живот.

„Кога зборувам за успехот на ‘Алкалоид’ секогаш ги спомeнувам и минатите генерации кои придонесувале за ова што денес е ‘Алкалоид’. ‘Алкалоид’ е формиран во 1936 година, како фабрика за производство на фармацевтски суровини. Оттогаш, па сè до денес, компанијата постојано расте. ‘Алкалоид’ е компанија која има сегашност и која има јасна определба и визија, а тоа е дека без развој нема просперитет и опстанок“.

***24 февруари 2005 година***

***Деловен магазин „Капитал“ бр. 274***

Intensive growth, expansion and development of Alkaloid into a leading pharmaceutical company in the region, were the basic merits of Trajche Mukaetov’s managerial era. During the very last year of his life, from the position of President of the Management Board, he continued with his contribution towards the development and affirmation of Alkaloid and the definition of its business strategies and long term policies.

“Whenever I speak of ‘Alkaloid’s’ success, I think of the past generations who gave their own contribution for the current state of the Company. ‘Alkaloid’ was founded in 1936, as a factory for production of pharmaceutical raw materials. Since then, until the present day, the Company has been growing continually. ‘Alkaloid’ is a modern company with a clear mission and vision, much aware that there is no prosperity and survival without proper development”.

***February 24, 2005***

***Business magazine “Capital”, issue No. 274***




Непосредно по неговата смрт, македонскиот медиум Капитал во своето издание од 3 мај 2007 година, работејќи на омажот на Трајче Мукаетов насловен „Можат ли да си заминат вечните?“, напиша:

„Ние можеме да се бориме, но и да се дружиме со секој, најмногу со најуспешните. И тоа не од локален или регионален ранг, туку светски. За тоа говорат и ЕБРД и ИФЦ (афилијации на Светска банка) кои најдоа интерес дури капитално да влезат во оној „Алкалоид“ кој пазарно го моделираше Мукаетов. Тоа може да го потврди и Волфенсон, екс-претседателот на Светска банка, кој беше на “пер ту” со големиот македонски менаџер. Подеднакво, како и Данската кралица која недвојбено му ја додели титулата “почесен конзул на Кралството Данска во Македонија”. Но тоа беше само неговата општествена одора. Онаа најсилната, се криеше во умот на атомскиот физичар, информатичарот од белградската школа, кој размислуваше со брзината на светлината, и вгради развој на нуклеарен погон во фирмата во која го вткаи и својот живот. Подеднакво длабоко и испреплетено како и во семејството и во својата татковина.
Дали таквите менаџери заминуваат или можат воопшто да заминат и да сакаат? Тие сепак, оставаат вечна трага, без која ниту „Алкалоид“ ниту македонската економија ќе беа она што сега се“.
***Новинар: Виолета Цветковска***
*12 април 2007 година*
*Деловен магазин „Капитал“ бр. 389*

Immediately after his death, working on the homage of Trajche Mukaetov, the Macedonian business magazine “Kapital”, in its article dated April 12, 2007 entitled “Can eternal people actually leave?” wrote the following:

“We may compete, but also forgather with anybody, especially with the most successful ones. And ones not just from local or regional rank, but those present worldwide. This has been confirmed by the EBRD and IFC (affiliates of the World Bank) who were even interested in making a capital investment in Alkaloid, as it was modeled by Mukaetov. The same could also be confirmed by Wolfensohn, the former President of the World Bank Group, who communicated ‘per tu’ with the great Macedonian manager. Just as the Queen of Denmark, who indeed granted him the title Honorary Consul General. Though, that was just his social attire. The strongest attributes were hidden in the mind of the atomic physicist, the engineer from the Belgrade school, who was reasoning at the speed of light and who introduced nuclear powered development in the company that he has dedicated his entire life to, as thorough and interlaced as his dedication to his family and country.
Can such managers leave us and can they actually leave at all, even if they wanted to? Still, they leave behind an eternal legacy, which makes Alkaloid and the Macedonian economy what they really are today”.
***Journalist: Violeta Cvetkovska***
*April 12, 2007*
*Business magazine “Capital”, issue 389*



# Foundation







Фондација
# ТРАЈЧЕ МУКАЕТОВ

Фондацијата „Трајче Мукаетов“ е основана во мај 2007 година, со одлука на Управниот одбор на „Алкалоид“, во чест на големиот стратег, визионер и инженер на модерниот „Алкалоид“, кој сметаше дека важен параметар за просперитетот на компанијата е зголеменото ниво на инвестирање во научни, истражувачки и развојни активности.
Успешната реализација на досегашните програми, претставува доказ за остварување на заложбите на Фондацијата, во делот на создавање што подобри услови за развој на фармацијата, медицината и науката, пред сè преку поддржување млади, амбициозни кадри кои својата кариера ја посветиле на овие дејности.
Почнувајќи од учебната 2007/2008 година, Фондацијата стипендираше вкупно 344 студенти по фармација и медицина на државниот Универзитет „Свети Кирил и Методиј“. Од нив, 124 студенти по

“Trajche Mukaetov” Foundation was established in May 2007, by a decision taken by the Managing Board of Alkaloid, in the honor of the great strategist, visionary and engineer of modern Alkaloid, who believed that the increased level of investments in scientific and research and development activities is a major parameter for the prosperity of the Company.
The successful completion of the programs so far, witness Foundation’s commitment to create the best conditions for further development of the pharmacy, medicine and science, mainly by supporting young, ambitious people who have dedicated their carriers to these fields.
As of the academic year 2007/2008, the Foundation has provided a total of 344 scholarships to students of pharmacy and medicine at the state University “Sts. Cyril and Methodius”. 124 students of pharmacy and




фармација и 92 по медицина се веќе дипломирани. Од 2009 година до денес, својата кариера во „Алкалоид", во одделите на сегментот Фармација ја започнале 34 од стипендираните студенти на Фондацијата.
Стипендијата изнесува 6.500 денари во текот на 12 месеци, а почнувајќи од учебната 2009/2010 година, Фондацијата „Трајче Мукаетов" доделува и еднократна парична награда на првенците на генерациите на факултетите по фармација и медицина на државниот Универзитет „Свети Кирил и Методиј".
Од основањето во 2007 година, преку Фондацијата „Трајче Мукаетов" се донирани 63,2 милиони денари за стипендии на најдобро рангираните студенти по фармација и медицина на државниот Универзитет „Свети Кирил и Методиј". Износот кој е доделен како еднократен паричен надоместок на првенците на респективните факултети, сметајќи од 2009/2010 година, изнесува 904.280 денари.

92 students of medicine who received scholarships have already graduated from university. Since 2009 to this day, 34 students supported with scholarships by the Foundation have started their carriers in various pharmaceutical departments at Alkaloid.
The scholarship is in the amount of 6.500 Denars and granted for a period of 12 months. As of the academic year 2009/2010, the Foundation "Trajche Mukaetov" is also awarding one-off premium to the valedictorians of the Faculties of pharmacy and medicine at the state University "Sts. Cyril and Methodius".
Since the establishment in 2007, 63,2 million Denars have been donated through the "Trajche Mukaetov" Foundation, awarding scholarships for the top ranking pharmacy and medicine students at the state University "Sts. Cyril and Methodius". The total amount awarded to the valedictorians at these two faculties since 2009/2010 is 904.280 Denars.


АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè
www.alkaloid.com









Почнувајќи од 2011 година, кога беше одбележан 75-годишниот јубилеј на компанијата, под закрила на Фондацијата, вработените на „Алкалоид“, го организираа првиот хуманитарен пикник. Овој настан од хуманитарен карактер, на кој учествуваат близу 2.000 посетители секоја година, прерасна во традиција на компанијата. Притоа, собраните средства се донираат во одредена институција или организација, која согласно општествените прилики, има најголема потреба од помош. На првиот хуманитарен пикник беа собрани средства во износ од 425.500 денари кои беа донирани за опремување на одделите за детска онкологија и детска имунологија на Клиниката за

Starting from 2011, which was the year when Alkaloid celebrated its 75th anniversary, under the auspices of this Foundation, the employees of the company organized the very first humanitarian picnic. This charity event has a humanitarian character, hosting more than 2.000 visitors each year and over the years, it became a part of the tradition of the Company. All funds collected are donated to institutions or organizations, which, considering the current social state, have the greatest need of assistance. 425.500 Denars were collected during the first humanitarian picnic and used to buy equipment for the Children's Oncology and Children's Immunology Departments at



детски болести при Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје. Во 2012 година, на истата клиника беа донирани 572.300 денари. На третиот хуманитарен пикник беа собрани 580.000 денари, наменети за набавка на нови инкубатори на Клиниката за гинекологија и акушерство при Клиничкиот центар „Мајка Тереза“ во Скопје. Во 2014 година беа собрани 725.000 денари, повторно наменети за Клиниката за детски болести во Скопје. На петтиот по ред хуманитарен пикник беа донирани 807.000 денари на „Црвениот Крст“, наменети за справување со мигрантската криза.

the Pediatric Clinic at the Clinical Center “Mother Teresa” in Skopje. In 2012, the very same clinic received a donation in the amount of 572.300 Denars. A total of 580.000 Denars were collected during the third humanitarian picnic and used to purchase new incubators for the Gynecology and Obstetrics Clinic at the Clinical Center “Mother Teresa” in Skopje. 725.000 Denars were collected in 2014 and again, used for the benefit of the Pediatric Clinic in Skopje. The amount of 807.000 Denars was collected during the fifth humanitarian picnic and donated to the “Red Cross”, to help deal with the migrant crisis.













# истражување и развој контрола на квалитет

# research & development quality control





Научно-истражувачката дејност и контролата на квалитетот во „Алкалоид“ биле постулати на кои отсекогаш се посветувало особено внимание

Scientific and research activities as well as quality control were high postulates in the agenda of importantce priorities at “Alkaloid”

Научно-истражувачката дејност и контролата на квалитетот во „Алкалоид“ биле постулати на кои отсекогаш се посветувало особено внимание. Масовното производство и широкиот асортиман на производи налагале аналитичко-контролни лаборатории во кои работеле фармацевти, техничари, технолози, биолози и лекари. Носител на севкупната развојно-технолошка програма во компанијата бил Институтот за истражување и развој, кој во „Алкалоид“ како засебен сегмент е формиран во 1966 година. На почетокот, делокругот на активности на тогашниот институт вклучувал фундаментален развој, истражување, програмирање и усовршување на постојната технологија, како и воведување нови решенија во процесот на производство. Истиот функционирал на база на одделенија – лаборатории програмски поврзани со основните организации на здружениот труд (ООЗТ) во тоа време и одделенија за применет развој чија дејност била следење на тековното финално производство и проширување на производната палета по пат на модификација на постоечките и формулирање нови рецептури со ориентација кон суровини од домашно потекло.

Scientific and research activities as well as quality control were high postulates in the agenda of importantce priorities at “Alkaloid”. The mass production and the wide assortment of products, required analytical control laboratories occupied by pharmacists, technicians, technologists, biologists and physicians. The pillar of the overall technological development program of the company was the institute for research and development, which as separate segment at “Alkaloid” dates as of 1966. The scope of activities at the time included fundamental development, research, programming, modernization of the current technology as well as introduction of new







На почетокот, Институтот вработувал 60 извршители, од кои 40 со високо стручно образование за 15 години подоцна, во 1982 година да брои 70 стручно технички кадри, од кои 36 со високо стручна подготовка. Главна дејност била обезбедување сопствени технологии за експлоатација на суровини од растително потекло и суровини за синтеза на органски и неоргански производи, синтеза на фини хемикалии, синтетски смоли и производи за фото-сензитивна репрографска техника. Паралелно со овие активности се правеле и фармаколошки испитувања на животни, кои подоцна, согласно развојот на софистицираната аналитичка инструментална опрема

solutions in the production process. The institute functioned in department laboratories, connected with the basic organizations of associated labor (BOAL) and departments for applied development whose main activity was monitoring of the current final production and expansion of the production assortment by means of modification of the existing and creation of new formulations oriented towards raw materials of domestic origin.

In the beginning, this institute employed 60 people, 40 of which were with higher education and 15 years later, in 1982, this segment employed 70 expert technical staff, 36 being with higher education. The main activity was providing proper technologies for exploitation of raw materials of vegetable origin and raw materials for synthesis of organic and inorganic products, synthesis of fine chemicals, synthetic resins, and products for photo-sensitive reprographic techniques.



Фотографии од новиот Центар за контрола на квалитет и новиот Институт за истражување и развој



биле заменети со други типови биохемиско-фармацевтски анализи. Посебен оддел функционирал во областа на биотехнологијата, од кој период потекнуваат и првите генетски и биотехнолошки проекти на просторите на поранешна Југославија. Визијата на „Алкалоид“ на почетокот на осумдесеттите години, била Институтот да прерасне во центар на стручно кадровски и научен потенцијал, а била воспоставена и соработка со повеќе научни институции и стопански организации во земјата и странство.

Организиран на ниво на работна организација, процесот за контрола на квалитет во седумдесеттите години се извршувал во современо опремени контролни лаборатории, лоцирани во соодветните производни организации, преку кои се гарантирал квалитетот на производите кои „Алкалоид“ ги пласирал на пазарите. Секторот вршел контрола на квалитетот на суровините, амбалажата, полу-производите и готовите производи, како и контрола на стабилноста на квалитетот на готовите производи во нивниот рок на траење. Испитувањата на хемиско-физичките и микробиолошките својства на

Parallel to these activities, pharmacological tests on animals were performed, which later on, in accordance with the development of more sophisticated analytical-instrumental equipment, were substituted with other types of biochemical – pharmaceutical analysis. A separate department of biotechnology was also in function, and therein, the first projects in genetics and biotechnology were executed on the territory of the Yugoslav federation at the time. The institute cooperated with several scientific and economic institutions in the country and abroad and the vision of “Alkaloid” was to create a center of high scientific and professional potential.

Organized on a level of labor organization, the process of quality control in the seventies was performed in





Photos from the new Centre for quality control and the new Institute for research and development

производите се изведувале во современо опремени лаборатории преку УВ и ИР спектроскопија, хроматографија и останати познати методи во тоа време.
Водејќи се според начелата дека еден од најважните параметри за просперитетот на компанијата е зголеменото ниво на инвестирање во научни, истражувачки и развојни активности, како и контрола на квалитетот на производите, во периодот од 2003 до 2016 година, „Алкалоид“ има вложено над 17 милиони евра во научно-истражувачки капацитети и во секторите за контрола на квалитетот, како нова микробиолошка лабораторија (2003 година), нова хемиска лабораторија (2005 година), нов Институт за истражување и развој (2009 година), нова контролна

modernly equipped laboratories, which guaranteed the quality of the products traded by “Alkaloid”. This sector controlled the quality of the raw materials, the packaging, the intermediaries and the final products, as well as control of the stability of the final products within their expiry date. The tests of the chemical, physical and microbiological characteristics were performed in modernly equipped laboratories through UV and IR spectroscopy, chromatography and other methods available at the time.
Directed by the principles that one of the most significant parameters for the prosperity of the company is the increased level of investment in scientific, research and development activities as well as quality assurance of the final products, in the period

  

лабораторија во Србија (2012 година), нова физичко-хемиска лабораторија во Словенија (2014 година) и нов Центар за контрола на квалитет опремен со нови фармацевтско-хемиски и дополнителни микробиолошки лаборатории (2016 година).
Една година по поставувањето на камен-темелникот, во март 2009 година, „Алкалоид" го пушти во употреба Институтот за истражување и развој (претходно – Институт за развој и контрола на квалитет). Оваа високо софистицирана технолошко-аналитичка единица, отвори нова етапа во развојот на компанијата, но и во делот на целокупната фармацевтска дејност на национално ниво.
Инвестицијата од 9 милиони евра во ултрамодерен капацитет со површина од 1.540$m^2$, ги акцентираше начелата за безусловно врвен квалитет на лековите и нивна максимална безбедност и ефикасност.
Институтот за истражување и развој е екипиран со најсовремена лабораториска и пилот - производствена опрема од реномирани американски, британски, германски и јапонски производители, која овозможува развивање на новите, современи форми на генерички лекови, во кои се имплементираат

of 2003 to 2016, "Alkaloid" invested more than EUR 17 million in scientific-research facilities and the quality control segments, such as: new microbiological laboratory (2003), new chemical laboratory (2005), new institute for research and development (2009), new control laboratory in Serbia (2012), new physical-chemical laboratory, in Slovenia (2014) and new Center for quality control equipped with new pharmaceutical, chemical and additional microbiological laboratories (2016).
One year following the laying of the corner-stone, in March 2009, "Alkaloid" commissioned the new Institute for Research and Development (initially Institute for development and quality control). This highly sophisticated technological analytical unit opened a new chapter in the development of the company and the pharmaceutical activity on national level. The investment in the amount of EUR 9 million in ultramodern facility covering 1540 $m^2$ emphasized the endeavors for impeccable quality and maximum safety of Alkaloid's pharmaceutical products. The Institute for research and development is equipped with modern laboratory and pilot equipment of American, British,





најновите научни сознанија од областа на фармацијата.
Во 2016 година „Алкалоид го пушти во употреба новиот капитален објект, „Центарот за контрола на квалитет", инвестиција вредна над 5 милиони евра. Во овој современ технолошко-аналитички капацитет кој се простира на површина од 3.000 m$^2$, се изведуваат активности од типот на: Контрола на суровини, контактна и секундарна амбалажа; Контрола на фазно производство и готови производи; Микробиолошка контрола и стабилност на фармацевтски производи; Валидациони активности и мониторинг и Изработка на аналитичка документација за регистрационите активности за фармацевтските производи. Центарот за контрола на квалитет е екипиран со современа опрема и високо-софистицирани инструменти од престижни светски производители, а објектот е конструиран така што може технички да се надградува секогаш кога тоа ќе го наложат светските стандарди.
Строго контролираните услови за фармацевтско производство се предуслов за обезбедување високо квалитетни лекови, па оттука, развојно-

German and Japanese producers and it enables development of new, modern forms of generic drugs where the latest pharmacutical scientific discoveries are implemented.
In 2016, "Alkaloid" commissioned the new Centre for Quality Control, an investment worth more than EUR 5 million. This modern technological-analytical capacity that covers an area of 3.000 m$^2$ the following activities are performed: control of raw materials, contact and secondary packaging; control of phase production and finished products; microbiological control and stability of pharmaceutical products; validation activities and monitoring; preparation of analytical documentation for registration of pharmaceutical products.
The Center for quality control is equipped with modern highly sophisticated equipment and instruments from prestigious global manufacturers, constructed with possibility of upgrading whenever required by the world standards.
The strictly controlled conditions for pharmaceutical production are precondition for providing high quality drugs, and therefrom, the scientific and research activities and the pharmaceutical quality assurance are






истражувачките активности и фармацевтската контрола на квалитет, се есенцијален дел во секојдневните производни операции на „Алкалоид“ и сегмент во кој компанијата во последната деценија од своето постоење инвестира над 3% од своите приходи на годишно ниво. Во алкалоидовите сектори за истражување, развој и контрола на квалитет, во 2016 година работат 175 стручни извршители, од кои 132 се со  високо образование.

Во 2013 и 2014 година „Алкалоид“ во својата историја испиша две високи научно-истражувачки достигнувања. Првото е решавањето на кристалната структура на соединението фолкодин монохидрат за прв пат во светски рамки, од страна на истражувачкиот тим на компанијата во соработка со уште две светски лаборатории. Добиените резултати од ова значајно откритие се објавени во реномираното научно списание „Кристален раст“ (“Journal of Crystal Growth“). Веднаш потоа, истражувачкиот тим на компанијата во директна соработка со престижниот „Макс Планк“ Институт од Штутгарт и Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет од Скопје, исто така за прв пат во светски рамки ја решија кристалната структура на соединението кодеин фосфат сесквихидрат.

essential part of the everyday operations of “Alkaloid” and segment of the company in which during the last decade over 3% of the annual incomes are invested. Alkaloid’s sectors of research, development and quality control employ 175 professionals, out of which 132 are with high education.

In 2013 and 2014 “Alkaloid” in its history marked two extraordinary, research-based scientific discoveries. The first one is solving the crystalline structure of the compound pholcodine monohydrate for the first time ever, on behalf of the research team of the company in cooperation with two world renowned laboratories. The results obtained from this significant discovery were published in the prestigious “Journal of Crystal Growth“. Immediately after that, the research team of “Alkaloid” in cooperation with the prestigious “Max Plank” institute from Stuttgart and the “Institute of Chemistry at the Faculty of Natural Sciences” from Skopje, also for the first time ever, solved the crystalline structure of the compound codeine phosphate sesquihydrate.







# водечки брендови

# leading brands

# caffetin®



Caffetin® е убедливо најраспространет и најпознат бренд на „Алкалоид“, а по многу критериуми, е и еден од најпрепознатливите македонски извозни брендови. Лансиран во далечната 1957 година, во текот на своето речиси 6-деценискo постоење и 11 милијарди произведени таблети, Caffetin® прерасна во синоним за борба против болка не само во Македонија, туку и во земјите од регионот.

Caffetin® is by far the best selling and best known “Alkaloid” brand, and by many other criteria, it is one of the most recognizable Macedonian export brands. It was launched in the distant year of 1957, and after almost 60 years of existence and 11 billion sold tablets, Caffetin® has grown into a synonym of pain relief not just in Macedonia, but also throughout the countries in the region.




Лекот претставува комбинација од 4 идеално избалансирани состојки кои имаат синергиски ефект во третманот на различни типови болка.
Производот е пласиран на пазарите во 13 земји во светот. „Алкалоид“ го произведува Caffetin® во согласност со највисоките стандарди за добра производна пракса во фармацевтската индустрија.
Свеста на потрошувачите и високиот индекс на

This product is a combination of 4 ideally balanced ingredients, which act in synergy and provide relief from various types of pain.
The product is marketed in 13 countries around the world. “Alkaloid” produces Caffetin® in compliance with the highest standards of good manufacturing practice in the pharmaceutical industry.
The consumers’ awareness and the high index of

1957




1962




2002




2005




препознатливост беа основните постулати поради кои компанијата се одлучи да развие нови екстензии на овој бренд, во правец на нови индикациони подрачја. Прв во редот беше Caffetin Cold®, лансиран на македонскиот пазар во 2005 година, индициран за третманот на симптомите кои се јавуваат при настинка и грип. Следеше Caffetin Menstrual® (2007 година) кој се користи во третманот на менструални болки. Трет во редот беше Caffetin Cold® со природен Витамин Ц (2008 година).

recognition were the basic postulates, due to which the Company decided to develop new extensions of this brand in new therapeutic areas. The first in line was Caffetin Cold®, launched on the Macedonian market in 2005, indicated for the treatment of symptoms in cold and flu. Caffetin Menstrual® followed in 2007, which is being used as a menstrual pain reliever. The third product in line was Caffetin Cold®, containing natural vitamin C (2008).




1967




2007




2008




2010




Последната екстензија, која е пласирана на пазарот во 2010 година, е изготвена согласно трендовите за конзумирање нетаблетарни форми на лекови за третман на симптоми при настинка и грип. Врећичките прашок Caffetin Cold Max®, „Алкалоид“ ги развиваше три години во соработка со странски партнер.

The last extension launched in 2010 was prepared following the trends of consuming water-soluble forms of drugs for the treatment of cold and flu-like symptoms. “Alkaloid” developed the Caffetin Cold Max® sachets with powder for oral solution for three years in cooperation with a foreign partner.


Caffe
ONS
eutic indications of CAFFETIN® are mild to
ache, toothache, migraine, postoperative and
algia, myalgia, arthralgia and dismenorrhoe
DOSAGE
CAFFETIN® should not be used as
Adults: 1 tablet 3–4 times daily, in
daily dose is 6 tablet
over 7 years of a

Заради своите исклучителни достигнувања, а на база на истражување на јавното мислење, Caffetin® го доби признанието „Superbrands“ за Србија во 2007 година, Босна и Херцеговина во 2008 и Македонија во 2009 година.

- Во изминативе 59 години, произведени се вкупно 11 милијарди таблети Caffetin®
- За да се произведат приближно 1 милион таблети, колку што стандардно содржи една серија, потребни се околу 30 часа
- Теоретски, секој човек на планетава во просек испил по 1,5 таблети Caffetin®
- Доколку се поврзат сите ленти Caffetin® произведени до сега, би се добила патека од трака долга околу 363.000 километри
- Вкупната тежина на сите произведени таблети Caffetin® е скоро 7.000 тони
- Вкупната висина на сите досега произведени таблети Caffetin®, наредени една врз друга, изнесува 47.300 километри
- Голем број иселеници од балканските простори обезбедуваат 'резерви' на Caffetin® не сакајќи да го сменат производот кој го употребуваат за третман на болка и покрај огромниот избор на аналгетици во странство

As a result of its exceptional achievements, and based on a public opinion polls, the Caffetin® brand was acknowledged as a Superbrand on the market in Serbia in 2007, in Bosnia and Herzegovina in 2008 and in Macedonia in 2009.

- 11 billion tablets of Caffetin® have been produced during the last 59 years
- It takes 30 hours to produce around 1 million tablets, which is the standard size of a single batch
- Theoretically, each human being on the planet Earth, would have had 1.5 tablets of Caffetin®
- If one were to line up all Caffetin® blister packs produced to date, the line would be 363.000 kilometers long
- The total weight of all produced Caffetin® tablets to date is about 7.000 tons
- The total height of all Caffetin® tablets, piled up to date is about 47.300 kilometers
- Large number of migrants from the Balkans build up their ‘reserves’ of Caffetin® because they are not willing to change their favorite pain reliever, regardless of the large choice of analgesics abroad

Becutan






Довербата во брендот „Бекутан“ од 1978 година се пренесува од генерација на генерација. Тоа е нашиот најцврст темел за долгогодишна традиција. На почетокот, со само 5 производи за хигиена на детска кожа, а денес портфолиото на „Бекутан“ содржи над 20 основни типови производи со близу 40 форми, чии формулации се работени во блиска соработка со медицински експерти.
Со повеќе од 150 милиони продадени парчиња производ, „Бекутан“ е синоним за традиција, постојан квалитет, доверба и лојалност. По повод 30

The trust in the “Becutan” brand has been passed from one generation to another. This is our firmest foundation for a long term tradition. The story started back in 1978, with only 5 products for maintaining the hygiene of the skin in children, whilst today, the “Becutan” portfolio contains more than 20 basic types of products with almost 40 forms. All “Becutan” formulations are developed in close cooperation with medical experts.
With more than 150 millions products sold, “Becutan” is a synonym of tradition, permanent quality, trust and loyalty. On the occasion of the 30th anniversary of the



годишнината од постоењето на брендот, на основа на 3-годишно истражување на пазарот, спроведено во 3 земји во регионот, „Бекутан“ доби комплетно нов изглед, притоа задржувајќи ја својата препознатливост. Како изграден бренд и во меѓународни рамки, „Бекутан“ е присутен на 11 пазари надвор од Македонија. Сите производи од колекцијата се клинички и дерматолошки тестирани, изработени од суровини со потврден квалитет кои соодветствуваат со европските директиви за квалитетен козметички производ.

brand and on the basis of a 3-year market research, conducted in 3 countries in the region, "Becutan" was given a completely new outlook, while maintaining its recognizable visuals.
Becutan is a well established brand internationally, present on 11 markets outside Macedonia. Each and every product in the collection is clinically and dermatologically tested and contains ingredients of validated quality that satisfy the requirements of the European directives on high quality cosmetic products.







Поради своите исклучителни достигнувања, а на база на истражување на јавното мислење, „Бекутан“ го доби признанието “Superbrands” во 2008 година за пазарот во Босна и Херцеговина и во 2009 година за пазарите во Македонија и Хрватска.

In 2008, as a result of its exceptional achievements, and based on a public opinion survey, the “Becutan” brand was acknowledged as a “Superbrand” on the market in Bosnia and Herzegovina, and again in 2009, it received the “Superbrand” recognition on the markets in Macedonia and Croatia.



‘00




- Продадени над 150 милиони производи „Бекутан“
- 17 милиони пакувања „Бекутан“ влажни марамици се продадени од пуштањето во промет до денес
- 45 милиони пакувања од детскиот крем „Бекутан“ се продадени досега, што го прави овој производ лидер во колекцијата

- More than 150 million individual “Becutan” products sold
- 17 million packs of “Becutan” wet wipes sold since they appeared on the market
- 45 million “Becutan” baby creams have been sold to date, making it the leading product in the collection

2016



GOOD NATURE




Цели 5 децении „Алкалоид“ произведува чаеви од билки собрани од недопрената природа на македонските планини. Токму затоа, чаевите на „Алкалоид“ го носат логото „Good Nature“. Умешноста на производителите на чај се состои во изборот на ароми, селекцијата на билки и креирањето хармонични и уникатни вкусови. Во својата палета, „Good Nature“ брои над 50 типа филтер и традиционално пакувани чаеви изготвени по експертиза на стручниот тим за истражување и развој, со примена на најсовремените технологии и научни достигнувања во фитотерапијата при нивното формулирање.

For entire 5 decades, “Alkaloid” has been producing teas from herbs collected from the intact nature of the Macedonian mountains. That is precisely the reason why, the teas produced by “Alkaloid” are carrying the “Good Nature” logo. The skillfulness of a tea producer lies in the choice of aromas, selection of herbs and creation of harmonic and unique tastes. The “Good Nature” tea assortment includes more than 50 types of filter and classic teas, produced by employing the expertise of the professional team for research and development and the most advanced technologies and scientific achievements in phytotherapy during their formulation.




Производството на чаевите на „Алкалоид“ се одвива според стандардот за квалитет ISO 9001:2008 и ISO 14001:1996 за животна средина, како и HACCP стандардот за производство на безбедна храна. Сертификацијата е извршена од страна на меѓународно признаеното сертификационо тело Quality Austria, ÖQS.

The process of tea manufacturing by “Alkaloid” meets the quality standards ISO 9001:2008 and ISO 14001:1996 for the environment, as well as the HACCP standard for safe food production. The certification has been carried out by the internationally recognized certification body Quality Austria, ÖQS.


GOOD NATURE
ORGANIC
DOG-ROSE HIPS & HIBISCUS TEA
COMBINATION OF PUREST HERBS BLENDED TO ENTICE A MOMENT OF LONG LASTING PLEASURE. 20 TEA BAGS
ОРГАНСКИ
GOOD NATURE

„Алкалоид“ е прв производител на сертифицирани органски чаеви во Македонија. Симболот за органски производи и квалитет е добиен со сертификација на трите сегменти: производи, производство и региони од каде се собираат билните суровини. Сертификатот е издаден од Control Union Certifications и тоа за методи на еколошко производство согласно регулативите на Европската Унија EEC No.2092/91, USDA-NOP (United States Department of Agriculture - National Organic Programme) и JAS (Japanese Agricultural Standards).

Во 2005 година, одделот Билкарство ја отпочна соработка со реномираната AVEDA, членка на групацијата Estee Lauder за производство на Comforting чајот. Во 2011 година „Алкалоид“ започнува соработка со уште две реномирани компании од САД во делот на програмата билкарство: „Arbonne International“ и „Swanson Healthcare“ за кои се произведуваат 14 типа чајни мешавини наменети за пазарите во САД, Канада, Обединетото Кралство и Пацификот.

Спакувани согласно најстрогите светски регулативи за овој тип на производи, „Good Nature“ производите се добитници на бројни признанија кои се доказ за квалитетот и безбедноста на производите.

“Alkaloid” is the first producer of certified organic teas in Macedonia. The organic product symbol was earned by certifying all three segments: the products, the production process and the regions where plants and herbs have been collected from. The certificate has been issued by Control Union Certifications in relation to our ecological production methods in compliance with the regulations of the European Union EEC No.2092/91, USDA-NOP (United States Department of Agriculture – National Organic Programme) and JAS (Japanese Agricultural Standards).

In 2005, the Botanicals section began its cooperation on the Comforting tea with the renowned AVEDA, member of the Estee Lauder Companies group. In 2011, Alkaloid established cooperation with yet another two renowned US companies: “Arbonne International” and “Swanson Healthcare“. 14 various types of tea blends are now produced for these two companies, destined for the markets in the USA, Canada, the United Kingdom and the Pacific.

The “Good Nature” products are packaged in compliance with the strictest world regulations for these types of products and they have received numerous acknowledgments and awards, as proof of their quality and safety.



# лидерите на алкалоид

# alkaloid leaders



Податоците за „Алкалоид“ пред Втората светска војна се мошне оскудни. Познато е дека била во приватна сопственост на браќата С. и Ф. Огњановиќ.

На чело на Компанијата во периодот 1945-1946 година беше инженерот **Кирил Хаџи Томов**. Како еден од првите експерти на „Алкалоид“, тој во наредните 30 години дава значаен придонес во развојот, особено во делот на алкалоидното производство.

Негов наследник е **Венцислав Павлов**, еден од ретките индустриски фармацевти во тоа време во Македонија.





Information about "Alkaloid" prior to World War II are scarce. It was known that the factory was private property of the brothers S. and F. Ognjanovich

During the period 1945-1946 the engineer **Kiril Hadzi Tomov** was the head of the company. As one of the first experts in "Alkaloid", in the next 30 years he made a significant contribution to its development, especially in the field of alkaloid production.

His successor was **Vencislav Pavlov**, one of the few industrial pharmacists at that time in Macedonia.

Веднаш по него на раководната функција доаѓа **Никола Илиев**



Immediately thereafter **Nikola Iliev** assumed the leadership position

Во 1949 година „Алкалоид“ го предводи **Борис Стафановски**



In 1949 “Alkaloid” was managed by **Boris Stafanovski**

Во 1950 година, на директорската позиција доаѓа **Климе Стојанов**, кој со „Алкалоид“ раководи во наредните 10 години.



In 1950, **Klime Stojanov** became the manager, and he managed “Alkaloid” in the next 10 years

Во развојот на македонската фармацевтска индустрија во шеесеттите години на минатиот век, значаен придонес дава **Михајло Стојанов**.
Како фармацевт, тој непосредно учествува во проектирањето и разработката на технологијата за Галенскиот погон во 1957 година. Посебна негова заслуга е отворањето на погонот за екстракција на афионовите чушки.



In the development of Macedonian pharmaceutical industry in the sixties of last century, **Mihajlo Stojanov** made a significant contribution. As a pharmacist, he directly participated in the design and elaboration of the technology of the Galenic plant in 1957. His special merit is the opening of the plant for extraction of poppy capsules.

Во 1960 година, **Георги Икономов** го презема кормилото на Компанијата. Според многумина, мандатот на Икономов е периодот кога со кадровско-технолошката стратегија се создаваат темелите на модерна фармацевтско-хемиска индустрија.



In 1960, **Georgi Ikonomov** took the helm of the company. According to many, the mandate of Ikonomov was the period when with the personnel equipping and technological strategy the foundations of the modern pharmaceutical and chemical industry were established.

Негов наследник е **Ангел Симов**, кој на функцијата е избран во 1973 година како човек кој ќе ја продолжи дотогашната експанзија и афирмација на „Алкалоид“ во земјата и во странство. Претходно Симов, како фармацевт, работи на повеќе раководни позиции во Компанијата. Во периодот на неговото раководење со „Алкалоид“ се унапредува производството на фармацевтски производи.



His successor was **Angel Simov**, who took office in 1973 as a man who continued the previous expansion and affirmation of “Alkaloid” in the country and abroad. Previously Simov, as a pharmacist, worked on several managerial positions in the company. During his management “Alkaloid” promoted the production of pharmaceutical products.

Интензивирањето на растот и развојот на „Алкалоид“ во водечка фармацевтска компанија во регионот е главното обележје за раководниот мандат на **Трајче Мукаетов**, кој на челната позиција доаѓа во 1985 година. Зголемувањето на нивото на конкуретност, преку инвестирање во фабричките капацитети и автоматизирање на производните процеси, е носечката карактеристика на декадите подем на „Алкалоид“. Неговиот придонес во развојот и во афирмацијата на Компанијата, дефинирањето на бизнис-стратегијата и долгорочната политика продолжува и од актуелната позиција на претседател на Управниот одбор на „Алкалоид“ АД.

Начелото дека за сè попробирливите светски пазари инвестирањето не е избор туку неопходност е главната определба во новата етапа од развојот на „Алкалоид“, во која раководството го презема **Живко Мукаетов**. Стратегијата на Компанијата е насочена кон освојување нови пазари и кон засновање нови партнерства, со промовирање на нови висококвалитетни производи изработени според последните светски технологии.





The intensification of the growth and development of “Alkaloid” into a leading pharmaceutical company in the region is the main feature of the management mandate of **Trajche Mukaetov**, who assumed the leadership position in 1985. The increase in the level of competitiveness by investment in the factory facilities and automation of the production processes is the most important feature of the decades of the rise of “Alkaloid”. His contribution to the development and promotion of the company, the defining of the business strategy and the long-term policy continued even from his position of President of the Management Board of “Alkaloid” AD.

The principle that for the increasingly selective world markets investment is not a choice, but a necessity is a major commitment in the new stage of the development of “Alkaloid”, in which the leadership role was taken by **Zhivko Mukaetov**. The company’s strategy is aimed at conquering new markets and establishing new partnerships by promoting new, high quality products manufactured in compliance with the latest world technologies.

Издадено од:
„АЛКАЛОИД“ АД Скопје

Produced by:
ALKALOID AD Skopje

Подготовка и дизајн:
Концепт Маркетинг Комуникации

Editorial and design:
Concept Marketing Communications

Печати:
Бато и Дивајн

Print by:
Bato & Divajn

Тираж:
1.800 копии

Circulation:
1.800 copies

Скопје
Септември, 2016

Skopje
September, 2016

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

661.12(497.711)"1936/2016"(085)

ОСУМДЕСЕТ
80 години Алкалоид = 80 years Alkaloid : health above all. -
Скопје : Алкалоид = Skopje : Alkaloid, 2016. - 144 стр. : илустр.
; 30 см

Текст напоредно на мак. и англ. јазик

ISBN 978-9989-2643-2-0
1. Насп. ств. насл.
а) Алкалоид, хемиска, фармацевтска, козметичка и билна индустрија
(Скопје) - 1936-2016 - Деловни публикации
COBISS.MK-ID 101629450

